КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА



киношечен месечник


18

СКОПЈЕ, 1980

СОДРЖИНА

ТИТО ВО ФИЛМОТ И ЗА ФИЛМОТ

- Со Тито, за филмот 5
- Тито во филмот и за филмот 9
- Односот на документарното и играното во презентацијата на ликот на другарот Тито во југословенскиот филм 22
- Тито во делата на македонските документаристи..... 30
- Тито на снимањето на филмот "Сутјеска"..... 37
- Текст за документарниот филм "Тито" ... 39
- Македонски документарни филмови за Тито..... 68





СО ТИТО, ЗА ФИЛМОТ

(Специјален интервју со Претседателот на Републиката и претседател на СКЈ, Јосип Броз Тито)

"Претседателот на Републиката и претседател на Сојузот на комунистите на Југославија Јосип Броз Тито го прими на 29 јули 1977 година на Бриони главниот уредник на југословенското списание за прашања од филмската теорија и практика "Филмска култура", Стево Остоиќ, и му одговори на повеќе актуелни прашања од областа на филмското творештво и кинематографијата воопшто..."

(Според информацијата на Танјуг)

Првото прашање гласеше:

Пред 20 години, во својот прв број, југословенското списание за прашања од филмската теорија и практика "Филмска култура" ја објави Вашата изјава во која рековте дека со големо задоволство и многу често гледате филмови. На таа своја наклоност кон филмот и останавте верен до денес: во слободните моменти често гледате филмови, домашни и странски. Вие сте покровител на фестивалите на југословенскиот филм во Пула и Белград и речиси редовно ја посетувате пулската смотра. Какви се Вашите импресии од развојот, тенденциите и дострелите на нашата кинематографија, која, еве, бележи повеќе од 30 години свое постоење и подем?

Претседателот Тито одговори:

Југословенскиот филм настана во текот на револуцијата и се развиваше во нашата социјалистичка заедница, која и за таа уметност издвојуваше колку што можеше. Од своите први, пионерски чекори па до денес, нашиот филм оствари голем напредок. Вистински вредните творечки резултати и на тоа поле одамна се здобија со признанија не само во нашата земја туку и во светот. Посебни напори се направени при екранизацијата на големата епопеја на нашата Народноослободителна борба. Снимени се повеќе добри филмови за војната и револуцијата, кои имаа силно влијание на младите луѓе. Навистина, имаше и промашување, од кои треба да се извлечат јасни поуки. Несомнено признание заслужуваат и авторите на нашиот цртан филм, кои многу придонесоа за афирмацијата на нашата филмска уметност во светот, што секако претставува успех и на целата наша култура. Би рекол и тоа дека творците на нашата кинематографија мораат секогаш да го имаат предвид фактот дека публиката, го сака домашниот филм. Се разбира, добриот филм! А довербата на гледачите секогаш е најдобар поттик за уметникот.

Прашање:

Дали, по Ваше мислење, филмот во нашата социјалистичка заедница

се користи доволно за благосостојбата на работниот човек? Каков е неговиот придонес за културата и општеството во целина?

Одговор:

Филмот е едно од највлијателните средства на модерната комуникација, и, според тоа, неговата општествена, воспитна и образовна улога непобитно е голема. Ако уметнички е добро реализиран и идејно правилно насочен, филмот може да даде значаен придонес за нашата социјалистичка заедница. Тоа, се разбира, бара кон приготвувањето и реализацијата на филмот, а пред сè кон работата на сценариото, да се пристапува совесно и творечки. Во спротивно, филмското дело нема да биде вистински уметничко. Напротив, тоа може да биде и против прогресот, против хуманите и благородни цели кон кои се стреми човекот и за кои се бори нашето општество. На таквите негативни појави треба да се спротивстави самоуправно организираната кинематографија, со сите свои фактори, а во прв ред комунистите што работат во неа. Не смее да се допушти да се изиграат самоуправните принципи и да се работи по старо. Нсзите општествени интереси и овозможуваат на нашата кинематографија да се поврзе непосредно со виталните интереси на работничката класа, здружените производители и сите наши работни луѓе. Вистинските творци на културните и материјалните вредности и во кинематографијата треба да имаат решавачки збор и полна општествена одговорност. Само така кинематографијата ќе биде хармонична целина со своите многубројни дејности и составен дел на нашиот културен и општествен развој.

Прашање:

Другар Претседателе, сакаме да Ве известиме дека списанието "Филмска култура" во оваа јубилејна година, заедно со Центарот на ЦК СКХ за идејна и теоретска работа, основа Критичка трибина, со цел да се поведе дискусија за марксистичко вреднување на филмската теорија и практика кај нас. Досега одржавме две такви дискусии со учесници од разни области, а не само од подрачјето на филмот...

Одговор:

Тоа е добро и такви настојувања се несомнено позитивни, бидејќи марксистичкиот пристап во анализата на творештвото, вклучувајќи го се разбира и филмското, нам ни е неопходен. Во сегашните подготовки за XI-от конгрес на СКЈ слични дискусии за творештвото, за идејните движења и содржини во културата и другите области на нашиот живот се преземаат во целата земја, и на тоа треба да се инсистира.

Потребни се разговори во широк круг, а не затворање во некои тесни сталешки и слични рамки и интереси. Притоа, голема улога има марксистичката критика, смела и отворена, која нема да се занимава само со естетски анализи и да се раководи со некои апстрактни критериуми, од-

воено од општествените движења и вистинскиот живот. Не смеат да се затвораат очите пред негативните појави што сè уште ги има во областа на филмот, како што се техноменаџерските тенденции, групносопственичките односи, кланови, малограѓанскиот менталитет, вулгарниот комеријализам, и слично.

Прашање:

За тематските ориентации во југословенскиот филм многу се зборува и пишува. Како, по Ваше мислење, нашиот филм ја прикажува нашата стварност, радоста и тешкотиите на секојдневието?

Одговор:

Покрај веќе добрите остварувања, очекуваме уште филмови кои нам и на светот ќе му го покажат напорот на нашата заедница и нашите работни луѓе, со самопрегорна работа да создадат и понатаму да развиваат такви општествени односи кои привлекуваат се поживо внимание ширум светот. Морам да кажам дека во некои филмови нашата стварност е прикажана едностранo, со преувеличување и генерализирање на одделни негативни појави, додека истовремено се потценуваат успесите што ги постигнавме и што секојдневно ги постигнуваме. Тоа, за жал, го има и денес, иако не во толкава мера како порано. Вие знаете дека јас никогаш не сум бил за некритичко прикажување на стварноста, за нејзино разубавување. Но јас сум - и кога е збор за филмот, како и за сите други општествени сфери - за конструктивна критика, онаа што е добронамерна и која помогнува да се гради, нештата да се менуваат на подобро. Таквата критика нема да го налути нашиот човек, само ќе го поттикне поупорно да се бори против слабостите и негативностите, од кои ни нашето општество не е имуно. Потребно е и филмот, на својот уметнички начин, да биде идејно ангажиран и да даде придонес во нашиот стремеж кон побрз и посестран развој.

Во таа смисла, од филмските творци, како и од другите наши уметници, очекувам нови вредни прилози со современи општествени теми. Тоа не значи дека филмовите од Народноослободителната борба, па и од историјата воопшто, не можат да носат современа човечка порака. Но, за каква и да било тематика да се работи, битно е да се создаде добар филм, кој ќе биде и силно уметничко доживување, и секојпат ќе претставува поттик на нашите движења напред.

На нашите филмски работници, чиишто дела ги следам, им пожелувам успех во нивната творечка работа.

Прашање:

Дали имавте можност да видите некои филмови од овогодишниот фестивал во Пула? Каков е Вашиот впечаток за нив?

Одговор:

Да, видов неколку филмови. Има добри. Но, има и од оние кои тоа не се: некои дури оставаат мрачен впечаток. Но, како што реков, видов и многу добри филмови. И сигурно е дека и публиката ќе ги прими добро. Се тргна напред.

Прашање:

Дали некој филм Ви остана посебно во сеќавање?

Одговор:

Ми се допадна филмот на Вукотиќ "Акција стадион". Ми се допадна, потоа - земајќи го предвид она што го видов - "Љубовниот живот на Будимир Трајковиќ" и уште некои. Останува впечатокот дека некои од овие филмови се реализирани без големи претензии, но се добри. Поттикнуваат кај човека оптимистичко гледање на работите. Добро е што се наоѓа начин за снимање филмови без многу издатоци.

Претседателот Тито, на крајот, и ја честита на редакцијата на "Филмска култура" и на нејзините читатели 20-годишнината од излегувањето на списанието и посака понатамошни успеси во унапредувањето на нашата кинематографија и ширењето на филмската култура.

БЛАГОЈА КУНОВСКИ

ТИТО ВО ФИЛМОТ И ЗА ФИЛМОТ

Кога Ленин, по победата на великата Октомвриска револуција изјави: "Филмот е најзначајната меѓу сите уметности", не само што ја погоди вистината за тогаш најмладата, седмата уметност, туку ја одреди и нејзината непроценлива улога во менувањето на светот и свеста на луѓето, нејзината моќ да дејствува врз нив, да биде сведок на животното секојдневие, станувајќи така непобитен дел од ововековната историја. Дваесетина години подоцна, кај нас, во сè уште неослободената земја, првиот човек на нашата Револуција, другарот Тито, на 13 декември 1944 година ќе го потпише значајниот документ: Наредбата на Врховниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија за организација на пропагандната и културно-просветната работа на Народноослободителната војска на Југославија. Меѓу другото, во првиот член на оваа Наредба под број 5 и 6 се основани филмската и фотографската секција. Основањето на овие две секции при пропагандното одделение на Врховниот штаб на Народноослободителната војска и партизанските одреди на Југославија значеше удирање темели на новото филмско сведоштво за нова Југославија. Задачата на филмската секција беше, пред сè, да ги забележи завршните операции од ослободувањето на земјата, а тоа всушност беа и зачетоците на новата југословенска филмска хроника.

По дефинитивното ослободување на земјата, улогата на филмската секција ја презедоа "Филмските новости" кои годинава, заедно со севкупната југословенска кинематографија го прославуваат својот 35-годишен јубилеј. Оттогаш па до денес "Филмски новости", заедно со другите филмски документаристи во целата земја, претставуваат најбудни хриничари на изградбата и достигнувањата на нашата социјалистичка татковина. Камерите на нашите први снимателипартизани и на оние што ги наследија, снимателите на "филмски новости" (популарните филмски журнали), како и на другите многубројни снимателии документаристи, забележаа безброј значајни историски филмски материјали кои, меѓу другото, ги овековечија личноста и делото на другарот Тито. Како први и мошне значајни историски филмски материјали меѓу повеќето секвенци од времето на Народноослободителната борба се издвојуваат: онаа во која е прикажан Тито пред легендарната дрварска скривница со своите гости-сојузничките мисионери, непосредно пред десантот на Дрвар, како и кадрите од смотрата на боречките единици во октомври 1944-та година. Веднаш по ослободувањето, снимателите на "Филмски новости" ќе ги забележат и првите говори на другарот Тито во новоослободената земја, како што се: говорот во Загреб во 1945 година, потоа прогласувањето на Федеративна Народна Република Југославија и изборот на Тито за нејзин прв претседател,

кој тогаш ќе ја даде и својата заклетва во Собранието. Во првите исторически снимки, камерите на нашите сниматели ќе ја забележат и посетата на Тито на градителите на пругата Брчко-Бановиќ. Исто така, познати и непознати сниматели ќе ги регистрираат драматичните моменти од периодот пред, во текот и по Информбирото, кога непоколебливиот револуционерен дух на Тито, поддржан од југословенските народи и народности, знаеше да им одолее на сите искушенија, задржувајќи ја својата независност во градењето на југословенскиот пат во социјализам.

Нашите снимателн и голем број документаристи ќе продолжат со збогатувањето на филмските материјали од животната, револуционерната и државничка активност на другарот Тито. Тие ги забележаа посетите и говорите во штотуку ослободената земја, поднесувањето на Нацрт-документот за работничкото самоуправување и првиот Устав на нова Југославија. Натаму: широката политичка активност на Тито во светот, од првите години по победата над фашизмот до Шестиот самит на неврзаните земји, период од три и пол децении неуморна и самопрегорна работа со што Тито се потврди како голем градител на мирот, бард на светската политика, светска личност која ќе ужива респект кај сите народи и прогресивни сили во светот - зашто Тито за нив значеше инкарнација на мирот, пријателството и борбата за прогрес.

Животниот и револуционерен пат на другарот Тито, во повоениот развиток на југословенската кинематографија имаше централно место и значење, неговата неуморна активност за нашите снимателн и документаристи беше првостепена задача, зашто тие низ тоа не ја градеа само неговата хроника туку и хрониката на нашата Револуција во континуитет, градењето на нова, современа Југославија која низ делото на Тито ќе се здобие и со огромен углед во светот. Една од посистематизираните документаристички филмски серии во која стожерно се вградени личноста и револуционерното дело на другарот Тито е онаа составена од 12 долгометражни документарци во кои е прикажан развојниот пат на Комунистичката партија на Југославија, т.е. Сојузот на комунистите, низ кои како лајтмотив се провлекува духот на Титовото дело, со негово директно или индиректно фотографско-филмско прикажување. Така, во првите два документарни филма од серијата со наслов: "До другарот е другар" и "Партија на Револуцијата" е прикажано меѓународното работничко движење, потоа значењето на марксизмот и великата Октомвриска револуција, те. периодот до првите два конгреса на Комунистичката партија на Југославија во Белград во 1919 и во Вуковар во 1920 година. Во третиот документарен филм со наслов "Созревање" централно место им е дадено на настаните од 1928 година, од февруари кога Јосип Броз како организационен секретар на Месниот комитет на Загреб остро ќе го осуди фракционерството во Партијата до ноември, кога во Загреб ќе се одржи судењето на Тито во познатиот Бомбашки процес, со приказ

на извештаи во тогашните "Новости" за личноста и однесувањето на Тито на процесот, како и неговиот портрет - цртеж. Тогашниот известувач на "Новости" не можел да одолее да не го започне својот извештај со овие зборови: "Јосип Броз е секако најинтересната личност во овој процес. Неговото лице има нешто од оние физиономии, кои потсетуваат на челик. Со светли очи гледа низ очилата, многу ладно, но енергично и мирно..." Во следниот документарен филм со наслов "Диктатура" најнапред се опишани настаните од Шестојануарската диктатура во 1929 година, потоа прогласот на комунистичката партија на Југославија до работничката класа, студентските демонстрации во Белград во 1931 година, како и развивањето на фашистичкиот бауч во Германија со прикажување на запаленият Рајхстаг и судскиот процес против Георги Димитров по тој повод во 1934 година. Во филмот со наслов "Нашите универзитети" се прикажани годините на робија на југословенските комунисти во времето на "Обзнаната" на крал Александар меѓу другото, времето кога во сремскомитровичкиот затвор Моша Пијаде го преведува Марксовиот Капитал, како и неговото заедничко робување со Тито во казненият завод во Лепоглава од 1928 до 1933 година. Во документарниот филм "Тито на чело на Партијата" е обработено доаѓањето на другарот Тито на чело на Комунистичката партија на Југославија во 1937 година, потоа подготвувањето на основачките Конгреси на комунистичките партии на Хрватска и Словенија. Тука е прикажано и пристапувањето на југословенското кралство кон Пактот на трите фашистички сили во 1941 година и демонстрациите од 27 март истата година во Белград кои ќе се рашират низ целава земја. Во документарниот филм со наслов "Пламен" е прикажано разгорувањето на Народноослободителната борба по донесувањето решение на Централниот комитет на Комунистичката партија на Југославија на 4 јули 1941 година, за дигање оружено востание во Југославија. Во филмот е прикажано и основањето на Првата пролетерска бригада во Рудо во 1941 година и смотрата што врховниот командант Тито ја врши на бригадата. Во документарниот филм со наслов "Сутјеска", со интерполирање на архивски материјали од времето на оваа епохална битка, со импозантниот споменик на Тјентиште на паднатите борци, е прикажана херојката на Титовите партизани. Во филмот "Нова земја" се прикажани настаните од првите две години по ослободувањето: од митингот во Загреб на кој говори Тито, првите избори, преку декларацијата за прогласување Федеративна Народна Република Југославија и првиот Устав на нова Југославија во 1946 година, сè до започнувањето на обновата и изградбата на целата земја.

Во филмот со индикативен наслов "1948" се прикажани настаните пред, за време и по Информбирото. Најнапред се филмските материјали од средбата на Тито и Сталин во Москва во април 1945 година, каде што е потпишан договорот за пријателство, заемна помош и соработка меѓу Југославија и Советскиот сојуз. Потоа следуваат секвенциите во кои

е прикажан Петтиот конгрес на Комунистичката партија на Југославија одржан од 21 до 28 јули во Белград, кога во преполнетата Топчидерска сала делегатите од сите краишта на Југославија еднодушно ќе го поддржат Тито во неговото НЕ! до Сталин и против клеветењата изнесени во Резолуцијата на Информбирото. Тито, искачен на говорницата, ги објавува ставовите на нашата Партија, поддржуван од громогласните извикувања на делегатите: "Другар Тито, ние ти се колнеме дека од твојот пат нема да скршнеме". По пребродувањата на кризните години во времето на Информбировската блокада, во филмот е прикажан одарот со мртвиот Сталин во 1953 година, а потоа, посетата на Хрушчов на нашава земја две години подоцна и потпишувањето на историската Белградска декларација за новите односи меѓу Југославија и Советскиот сојуз, како и потпишувањето на Московската декларација една година потоа за односите меѓу Сојузот на комунистите на Југославија и Комунистичката партија на Советскиот сојуз. Во документарниот филм "Самоуправување" е прикажано воведувањето на работничкото самоуправување во Југославија, со усвојувањето на Основниот закон во 1950 година, што е уште еден триумфален потег на Титовиот визионерски дух. Со тоа беше применета во дело големата Марксова идеја: фабриките на работниците. Во последниот, дванаесетиот документарец од оваа значајна филмско-документарна серија, под наслов "Интернационализам", по прикажувањето на ретроспективниот развој на светскиот интернационализам од Октомвриската револуција, преку борбата против фашизмот до ослободувањето на Југославија, најдена е симболична врска меѓу Титовиот говор во ослободениот Белград и неговиот говор на Деветтиот конгрес на Сојузот на комунистите на Југославија во 1969 година, кога низ заокружените, тогашни 25 години слободен развој на нова Југославија , на уверлив начин е покажано дека револуционерната организација на Сојузот на комунистите на Југославија на чело со другарот Тито во сите децении на своето постоење ја извршувал својата интернационалистичка обврска спрема меѓународното работничко движење и начелата за кои се залага.


Покрај оваа долгометражна филмска серија, во продукција на загребската "филмотека 16" , во 1977 година е реализирана документарна филмска серија составена од таканаречените елемент филмови наменети, во прв ред, за училиштата, народните универзитети, армиските клубови и други воспитно-образовни институции. Во неа се прикажани понепосредно животот и делото на Јосип Броз Тито, во 12 филмови со хроничка содржина, од детството и младоста на Тито до неговото прераснување во грандиозна личност на дваесеттиот век. Првиот филм од оваа серија за Тито е со наслов "Младиот работник", во кој тежиштето е во времето на Титовото детство и раната младост. Во вториот филм со наслов "Во борба за единство на Партијата" е опфатен периодот од Брозовото враќање од Советскиот сојуз до 1934 година, кога излегува од петгодишното робување."Доаѓањето на чело на Партијата " е насловот

на третиот филм во периодот од 1934 до 1938 година, кога Тито работи врз консолидацијата на Партијата, осудувајќи го фракциознизмот, и кога во 1937 доаѓа на чело на Партијата. Следниот филм го носи насловот "Водач на револуционерната Партија", во кој е прикажан периодот до 1941 година, те. до сломот на кралството Југославија. Тоа се годините кога Тито како генерален секретар на Комунистичката партија на Југославија остварува големи успеси во јакнењето и зацврстнувањето на партиските редови. "Покренувач и организатор на Народноослободителната борба" е насловот на филмот кој гледачите ги воведува во периодот на првите воени години во нашава земја, од прогласувањето на општонародната војна до создавањето на Ужичката република. Во филмот "Творецот на нашата Армија" е опфатено натамошното развивање на Народноослободителната борба низ Титовите напори во создавањето на нашата славна Народноослободителна војска. "Втемелувач на нова Југославија" е насловот на филмот во кој тежиштето е ставено врз Првото и Второто заседание на АВНОЈ, како и врз најглавните битки на нашата борба: Неретва и Сутјеска. Дејствието на филмот "Во борба за меѓународното признавање на нова Југославија" е концентрирано врз големата Титова активност во контактите со сојузниците, а со цел да се избори меѓународно признавање на народноослободителното движење и на нова Југославија. "На чело на обновата на разрушената земја" е филм кој ги воведува гледачите во првите години по ослободувањето, кога работните луѓе на Југославија под раководство на КПЈ и Тито ги поставуваат цврстите темели на својата иднина. Филмот "Решителен отпор на сталинизмот" ги прикажува настаните од притисокот на Сталин и Информбирото врз нашава земја и историското НЕ! на нашата Партија и другарот Тито, еднодушно поддржани од југословенските народи и народности во одбраната на сопствениот и независен пат во изградбата на социјализмот. Во филмот "Творец на самоуправувањето" е истакната Титовата непроценлива заслуга како главен инспиратор и раздвижувач на сите акции за изградбата на самоуправниот социјализам кај нас. "Борец за мир" е насловот на последниот филм од серијата во кој е прикажана Титовата улога во создавањето на политиката на неврзувањето во светот, како еден од нејзините основоположници, низ средбите со лидерите на неврзаните земји, како и со многубројни други државници во светот. На тој начин овој филм ја заокружува вистинската претстава за Титовата необично сеопфатна и динамична активност што ја остваруваше како голем борец за мир во светот.

Покрај овие две документаристички филмски серии, снимени се и повеќе уметнички документарци со портретистичка концепција за личноста и делото на Тито, меѓу кои со својата висока авторска класа се истакнува 31-минутниот филм-портрет: ТИТО на водечкиот југословенски документарист Крсто Шканата, работен според одличното сценарио на доајенот на нашата критичко-сценаристичка мисла - Вицко Распор, од што ќе произлезе и едночасовната проширена верзија на режисерот Шканата при-

кажана на годинашниот Мартовски фестивал во Белград. Во прв ред, филмот ТИТО импонира со сублимноста во изразот и со згуснетоста на режиското кажување, при што авторот покажал големо чувство за времетраењето на секој кадар, како и за изборот на архивските материјали, од кои е изграден еден динамичен и импресивен портрет на Тито, потенциран низ сите клучни историски етапи на неговиот бурен револуционерен живот. Во сценариото и текстот на искусниот Вицко Распор (за илустрација ја цитираме уводната реплика од филмскиот текст: "Филозофите го толкуваа светот, Тито го менуваше...") избегнат е секаков патос, развивајќи го документарно-информативното ткаење на една филмскоисториска монографија. Шканата одлично го применува текстот и го наградува со чувство за концизност во илустрирањето и ефектност во филмското портретирање на Титовата личност, чиј извонредно богат животен пат на револуционер, борец и државник е големо искушение за секој режисер, што бара напор и умеење да се претстави ефектно во само половина час. Тоа Шканата го прави минуциозно и рационално, со духовити, ефектни монтажни спојувања, со луцидни реплики, низ само еден кадар (што заменува цела секвенца, а кажува повеќе). Таков е случајот, на пример, во метафората излачена во прикажувањето на Тито и Сталин во Москва во 1945 година при потпишувањето на договорот за пријателство и соработка (што Сталин ќе го заборави во времето на Информбирото). Тоа е своевиден кадар-метафора што кажува повеќе од колку и да било секвенци, зашто во него, низ гестовите на двете личности, е кажано сè, како за самата историска ситуација така и за намерите и ставовите на двете личности. Имено, во тој ретко ефектно употребен кадар, кој во филмот на Шканата добива антологиско значење, го гледаме Сталин кој самозадоволно се смее (со сугестија за неговите илузии дека ќе го придобие Тито за остварување на своите туторски планови), мавтајќи со рацете, додека непосредно до него стои Тито со мирен и сериозен израз на лицето, од кое се "чита" неговиот цврст, достоинствен и непоколеблив став, и пат за себе и за својата земја. Или, луцидноста на монтажните спојувања на архивските материјали во кои саркастично е подвлечена лагерско пионската потчинетост на Чехословачка и Бугарија. Тоа со архивски материјали снимени веднаш по смртта на Сталин во 1953 година, кога во Прага, на еден огромен плоштад, тогашното покорно сталинистичко раководство, на импознатниот митинг со тоталитарна атмосфера, ги повикува граѓаните на заклетва пред мртвиот Сталин, низ страотното ехо на зборовите повторени трипати: "Се колнеме, се колнеме, се колнеме!". На тие кадри Шканата веднаш ги прилепува оние што ги прикажуваат покорните Бугари, клекнати на колена на еден софиски плоштад, оддавајќи му почит на култот на Сталин. По тие две глетки - со монтажен рез", Шканата ја пушта интернационалата со акцент на зборовите: "Кренете се вие презрени..." а потоа следуваат кадри од нашето достоинство зачекорување кон самоуправувањето и новото уставно втемелување на нашата независна социјалистичка Југославија. Со такви кон-





трапунктирања, Шканата не остава восхитени и без коментар, зашто и во филмот коментарот е непотребен.

И македонските снимателиидокументаристи не заостанаа во создавањето на филмската хроника за Титовата личност и дело; тие со должен респект ги регистрираа сите шеснаесет посети на другарот Тито на нашата Република, градејќи ја така своевидната хроника - сведоштво за поврзаноста на македонскиот народ со својот учител и водач. Прв документарен филм е "Тито меѓу нас" во кој е прикажан престојот на претседателот Тито во Скопје на Денот на востанието на македонскиот народ - 11 Октомври 1953 година. Следува документарната трилогија со наслов "Со Тито низ Македонија" снимена во 1957 година во која е прикажана комплетната Титова посета на повеќе градови и села низ Македонија, а со оваа посета е поврзано и историското овековечување на Тито од страна на првиот снимател на Балканот - Милтон Манаки кому му се остварил животниот сон - Тито да биде на чело на неговата фотографско-снимателска историја.

"Претседателот Тито се врати во земјава" е насловот на документарецот снимен во 1959 година во кој е прикажано враќањето на Тито од една меѓународна посета. Регистриран е пречекот во Гевгелија, Неготино и големиот митинг во Скопје. Во документарецот "Тито меѓу младите" снимен во 1962 година е прикажано свеченото пуштање на една делница од Автопатот Братство-единство во нашава Република и средбата на другарот Тито со бригадирите. Филмот "Тито меѓу нас" е реализиран во 1962 година по повод 70-тиот роденден на другарот Тито и претставува сеќавање на говорите и манифестациите одржани за време на неговите посети на Скопје од 1945 до 1962 година. Во документарецот "Тито во Охрид" е регистрирана посетата на Тито на овој наш древен културно-историски центар. "Тито во Железарницата" е филм снимен во 1967 година кога Тито го пушти во погон овој прв гигант на црната металургија во Македонија. Исто така и во филмот "Претседателот Тито во Пелагонија" се забележани сите позначајни моменти од посетата на Тито на комбинатот "Пелагонија". Уште два филма со ист наслов ("Тито во Македонија"), во 69-та 70-та година, ги бележат поважните настани од посетите на Тито на нашава Република. Документарецот со наслов "Град на човековото препознавање" е снимен во знак на десетгодишнината од земјотресот во Скопје, при што развојот на градот е прикажан низ сите претходни посети на Тито, од онаа непосредно по земјотресот, до онаа од десетгодишнината. "Во својот град" е филм за неколкуте посети на претседателот Тито на Титов Велес.

Покрај големиот број снимени документарни филмови и репортажи, во југословенската играна продукција се снимени и два играни филма, непосредно инспирирани од личноста на другарот Тито. Тоа се филмовите: "Сутјеска" на режисерот Стипе Делиќ, во кој личноста на Тито ја интерпретира познатиот американски артист Ричард Бартон, и филмот "Ужич-

ка република" на режисерот Жика Митровиќ, во кој личноста на Тито е документаристички вткаена во содржината на филмот како немо сведоштво, низ фотографска сепија, во интерпретација на артистот Марко Тодоровиќ. И трет спектакл, инспириран од нашата партизанска епопеја, во кој духот на Тито е индиректно присутен со одредена драматуршко-психолошка димензија, е филмот "Неретва" на режисерот Вељко Булаиќ.

Тоа би била едната страна од Титовата поврзаност и неговото присуство во нашиот филм, што го следеше три и пол децении во неговата неуморна и плодотворна активност како борец, револуционер и мисионер на мирот. Втората страна од поврзаноста на Тито со филмот е неговото постојано активно интересирање за овој медиум на уметноста. За тоа првично сведоштво претставуваат неговите зборови изречени во педесеттите години:

"Филмот мора да биде еден од многу значајните фактори во изградувањето и воспитувањето на младината. Затоа во изборот на странските филмови не смее да се гледа само на тоа колку приход тие ќе донесат... туку мораме да водиме сметка и за другата страна, за неговата воспитна улога..." Тие свои мисли другарот Тито ги заокружи во своето познато интервју за загрепското списание "Филмска култура" што го даде во 1977 година во времето на одржувањето на Пулскиот фестивал. Еве што изјави, меѓу другото другарот Тито: "Југословенскиот филм е создаден во текот на Револуцијата и се развиваше во нашата социјалистичка заедница, која и за таа уметност издвојуваше онолку колку што можеше. Од своите први пионерски чекори до денешни дни, нашиот филм оствари голем напредок. Вредните творечки резултати и на тоа поле одамна стекнаа признанија не само во нашава земја, туку и во светот. Посебни напори се направени во екранизацијата на големите епопеи на нашата Народноослободителна борба. Снимени се повеќе добри филмови за војната и Револуцијата, кои имаа силно влијание врз младите луѓе. Вистина, имаше и промашување, од кои треба да се извлечат јасни поуки. Несомнено признание заслужуваат и авторите на нашиот цртан филм, кои многу придонесоа за афирмацијата на нашата филмска уметност во светот, што секако претставува успех и на целата наша култура. Би го рекол и тоа дека творците на нашата кинематографија мораат секогаш да го имаат предвид фактот дека публиката го сака домашниот филм. Се разбира, добриот филм! А довербата на гледачите е секогаш и најдобар стимуланс за уметниците."

На прашањето за придонесот на филмот во културата и во општеството во целина, претседателот Тито во продолжението истакна: "Филмот е едно од највлијателните средства на модерната комуникација и, според тоа, неговата општествена, воспитна и образовна улога е неоспорно голема. Ако е уметнички добро реализиран и идејно правилно насочен, филмот може да даде значаен придонес за нашата социјалистичка самоуправна заедница. Тоа, се разбира, бара во подготовките и во реализа-

цијата на филмот, а пред се во работата врз сценариото, да се пристапува свесно и творечки. Во спротивно, филмското дело нема да биде вистински уметничко. И уште повеќе, тоа може да биде против прогресот, против хуманите и благородните цели кон кои се стреми човекот и за кои се бори нашето општество. На таквите негативни појави треба да им се спротивстави самоуправно организираната кинематографија, со сите свои фактори, а во прв ред комунистите што работат во неа. Не смее да се дозволи да се изигруваат самоуправните принципи и да се работи по старо. Новите општествени односи и овозможуваат и на нашата кинематографија непосредно да се поврзе со виталните интереси на работничката класа, со здружените производители и со сите наши работни луѓе. Решавачки збор и целосна општествена одговорност и во кинематографијата треба да имаат вистинските творци на културните и материјалните добра. Само така, кинематографијата ќе биде хармонична целина на своите многубројни дејности и составен дел на нашиот културен и општествен развој". На прашањето за тематските ориентации во нашиот филм и како тој ги прикажува нашата стварност, радостите и тежините на секојдневјето, другарот Тито одговори: "Покрај веќе добрите остварувања, очекуваме уште повеќе филмови, кои, нам и на светот, ќе ни ги покажат напорите на нашата заедница и на нашите работни луѓе, со самопрегорна работа да ги создаваат и натаму да ги развиваат таквите општествени односи кои привлекуваат се поживо внимание во светот. Морам да кажам дека во некои филмови нашата стварност е прикажана едностранo, со зголемување и генерализирање на одделни негативни појави, додека во исто време се потценуваат успесите што сме ги остариле и што секојдневно ги остваруваме. Тоа, за жал, го има и денес, иако не во толкава мера како порано. Вие знаете дека јас не сум бил никогаш за некритичко прикажување на стварноста, за нејзино разубавување. Но сум, и кога станува збор за филмот, како и во сите други општествени сфери, за конструктивна критика, онаа што е добронамерна и што помага да се гради, работите постојано да се менуваат кон подобро. Таквата критика нема да го налути нашиот човек, туку само ќе го поттикне упорно да се бори против слабостите и негативностите од кои ни нашето општество не е имуно. Потребно е и филмот, на свој уметнички начин, да биде идејно ангажиран и да дава придонес во нашите напори кон побрз и посестран развој. Во таа смисла, од филмските творци, како и од другите наши уметници, очекувам нови вредни прилози со современи општествени теми. Тоа не значи дека и филмовите од НОБ, па и од историјата воопшто, не можат да носат современи човечки пораки. Но, за која било тематика да се работи, битно е да се остварува добар филм што ќе биде и силно уметничко доживување и секогаш еден поттик повеќе кон нашите севкупни движења напред. На нашите филмски работници, чии дела ги следам, им пожелувам многу успеси во нивната творечка работа".

Овие мисли, и особено последната порака на другарот Тито, за нашите

филмски работници значат уште една обврска повеќе и долг, нивните остварувања да претставуваат и натаму доследност во спроведувањето на Титовото дело и Титовата мисла во реалност, зашто само така и тие, како и многу други, ќе можат да му се оддолжуваат за она што тој како завет ни го остави нам и на идните генерации.

Меѓу домашните и странските филмски работници Тито беше респектиран како вистински љубител на филмската уметност, секогаш добар соговорник, кој во своето слободно времепостојано гледаше интересни домашни и странски филмски остварувања. Тој беше чест гостин на филмскиот фестивал во Пула, што традиционално се одржуваше под негово покровителство, присуствувајќи на неговото отворање или затворање. Во текот на фестивалот секогаш наоѓаше време да прими делегација од југословенските филмски работници, интересирајќи се за ситуацијата во нашата кинематографија, разговарајќи со авторите за нивните филмови низ конструктивни забелешки или низ изразување на своето задоволство за добриот филм. Се сеќаваме и за Титовиот хоби -фотографијата, снимањето со фотографски апарат, што беше во функција на неговото суштинско љубопитство за сè, а неретко во неговите раце се наоѓаше и аматерската филмска камера. На своите многубројни патувања, како граѓанин на светот, во безбројните мисии на мирот и пријателството, Тито, како неразделен реквизит, во своите раце секогаш го имаше фотографскиот апарат, снимајќи неуморно и со големо интересирање, градејќи така една своја голема колекција од снимени фотографии од сите страни на нашава земја и од светот. Тито беше познавач и на светскиот филм. Странските филмски уметници, кои имале можност да се сретнат со него во нашава земја или при Титовите посети во странство, со голем восхит говорат за неговата богата и несекојдневна личност, за неговиот нескротлив и љубопитен дух. Таа чест да се сретнат со нашиот Претседател како негови гости на Бриони или во странство ја имале, меѓу многуте и: Јул Бринер, Кирк Даглас, Харди Кригер, Сергеј Бондарчук, Ричард Бартон, Софија Лорен, Ив Монтан, Симон Сињоре, Елизабет Тејлор, Џина Лолобриџида, Ширли Мек Лејн, Силва Кошчина, Карло Понти, Орсон Велс и други. Артистот Ричард Бартон кој во филмот "Сутјеска" го толкуваше ликот на врховниот командант, се сретна со Тито во летото 1971 година. Потоа, во разговорот со новинарите Бартон изјавил дека Тито е поинаков од тоа како претходно го замислувал: "Мислев дека како голем државник мора да биде човек со остра природа. Но, Тито е мирен, сталожен, добро расположен и секогаш необично духовит".

Во Лос Анџелес Тито се сретна со група познати холивудски филмски артисти. Сите беа воодушевени од неговата личност. Артистот Чарлтон Хестон изјави: "Претседателот Тито е голема личност. Признавам дека ме воодушеви". Кирк Даглас кон тоа додаде: "Досега сум сретнал многу истакнати луѓе, претседатели и раководители, но Тито е нешто посебно. Долго разговаравме за филмот и, знаете ли за што друго? За

ловот. Претседателот Тито има прекрасни ловечки трофеи. Му завидувам на нив". Артистот од југословенско потекло Карл Малден истакна: "Тито е единствен, независен и затоа го ценам".

Прославениот советски артист и режисер Сергеј Бондарчук, исто така, е полн со восхит. По една средба со Тито, еве што изјави тој: "На премиерата на филмот "Битката на Неретва" во Пула првпат го видов Тито. Беше тоа интересна средба. Тито е необично пријатна, сталожена и комплетна личност. Едноставен во контактите, скоро волшебен и ретко интересен соговорник. Бев поласкан кога ми говореше за моите филмови: "Војна и мир" и "Човековата судбина". Секогаш бев восхитен од неговата енергија. Во војната, по војната, денес... Зашто, Тито е не само голем воин туку и револуционер-мислител и државник. Тој е, би рекол, голема планина на нашата епоха".

Покрај тоа, во знак на восхит спрема делата на големите мајстори на седмата уметност, по повод првиот белградски ФЕСТ (кој исто така, се одржуваше под негово покровителство), другарот Тито ги одликува следниве десетмина великани на филмската режија: Чаплин, Куросава, Сатјацит Реј, Рене Клер, Марк Донској, Форд, ФрицЛанг, Оливие, Бергман и Висконти.

Д-р Милан Ранковиќ

ОДНОСОТ НА ДОКУМЕНТАРНОТО И ИГРАНОТО ВО ПРЕЗЕНТАЦИЈАТА НА ЛИКОТ НА ДРУГАРОТ ТИТО ВО ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ ФИЛМ

/ главен реферат поднесен на симпозиумот "Ликот на другарот Тито во југословенскиот филм", одржан во Илок од 10 до 12 јуни 1977 година/

Јосип Броз Тито е единствена историска личност на нашите народи која има толку голем и неоспорен светскоисториски углед и значење. Овој факт добива во вредност кога се има предвид дека тој углед е постигнат не со големината на силата, туку со големината на моралната цврстина. Другарот Тито не го стекнал тој углед како освојувач туку како бранител, не како рушител туку како творец. Иницијатор и стратег на Народноослободителната борба на нашите народи против фашистичкиот агресор, организатор и раководител на југословенската социјалистичка Револуција, мислител, марксист, државник, борец за развојот на самоуправувањето во земјата и неврзаноста во светот. Тито застана во првиот ред на најголемите историски личности на нашево столетие. Во значењето на неговиот лик е вградена не само симболиката на остварувањето на нашата социјалистичка револуција, туку и симболиката на нејзиниот понатамошен развиток низ социјалистичкото самоуправување како нов тип општествени односи.

Водачите на многумилионските народи почесто и полесно стекнуваат светска слава отколку водачите на помалубројните народи. Дотолку е поголема вредноста на Титовата светска слава, дотолку е поголемо неговото човечко достоинство.

Сето ова не е кажано заради тоа што нам ни е познато. И досега, а особено во оваа јубилејна година, се кажуваше многу, и тоа многу добро и вистинито за другарот Тито. На почетокот на ова излагање ги истакнав овие познати факти за Титовиот лик за да можам што поаргументирано да го поставам прашањето: дали е и, ако е, во која мерка сето ова е доволно видливо во нашите филмови во кои се појавува ликот на другарот Тито? На ова прашање не може да се одговори едноставно. Најнапред е потребно, во главни црти, да се скицираат основните видови на досегашната презентација на ликот на другарот Тито во нашиот филм, поопсежна студиска анализа на овој проблем се уште не е објавена. Заради тоа ова излагање не може да претендира на целосност. Тоа е само еден од прилозите во истражувањето на овој проблем, кој, се надевам, како и целиов овој собир, ќе може да поттикне на понатамошна работа во тој правец. Кога зборуваме за презентирањето на ликот на другарот Тито во нашиот филм, мораме да ги имаме предвид значајните разлики во тоа презентирање кои се сврзани со разликите помеѓу документарниот и играниот филм. Ќе се обидам да укажам на некои од тие специфич-

ни разлики, потпирајќи се врз карактеристични примери во документираниот и во играниот филм во кои на различен начин се презентира ликот на другарот Тито.

Не е лесно да му се пристапи на Титовиот лик. Може да се утврди дека е многу полесно тој лик да се презентира во рамките на документарниот отколку во рамките на играниот филм /подразбирајќи дека притоа се користат средствата на играниот филм а не средства на документарниот филм во рамките на игран филм/. Неопходно е, на внатрешен, природен начин да се усогласат симболиката што ја носи тој лик и конкретноста на човечката личност што му стои во основата. Во филмската презентација на овој лик може мошне лесно да се слизне било во еден било во друг правец, што и во двата случаја како последица донесува - едностраност во презентацијата. Ако на тој лик му се пријде претежно како кон симбол, истакнувајќи ги постојано неговото општо општествено и историско значење и неговата улога, тогаш во него се губи човекот, она што кај него е поединечно човечко, неповторливо и индивидуално, без што, всушност, тој човек не би дораснал ни до тоа да стане симбол. Ако му се пријде претежно како кон човек, нагласувајќи ја: неговата непосредност, обичност, неговата човечка едноставност - може да биде замаглен симболот. Престанува да биде јасно со кои тоа особини и карактеристики тој човек дораснал до симбол. Во филмската презентација на неговиот лик се појавува еден особен судир на апстрактното и конкретното , како, навистина тежок, но и благодарен творечки проблем. Зашто другарот Тито не е историска личност од стандардден тип, која би била пригодна за романтичарски мистификации и психолошко-социјални симплификации. Тој во својот животен пат ги споил судбините на еден работник и еден светски државник, политички затвореник и водач на револуција, организатор и марксистички мислител, илегалец и прв граѓанин на својата земја. Тоа се бројни судбини, од кои секоја за себе е доволна да исполни по еден живот, да го карактеризира севкупниот животен пат на еден човек. Сето она што го знаеме за него не може во игран филм да остане на ниво на проста декларација. Тоа мора да произлегува од дејствија, ситуации, односи меѓу ликовите. Како да се конструира таква структура на фабулата која истовремено ќе дорасне до уметничка транспозиција на стварноста, а сепак не ќе занемари ниту еден од тие повеќеслојни токови испреплетени во една животна судбина? Тоа, очевидно, не е едноставно да се оствари, како што покажа и досегашната практика на нашиот филм. Заради сето тоа не е ни чудно што нашите филмски творци во сферата на играниот филм толку доцна и толку ретко се впуштале во решавањето на овој проблем. Во извесна смисла е природно што во документарниот филм ликот на другарот Тито е презентиран многу покомплексно, поразновидно и почесто отколку во играниот филм. Документарниот филм има функција на сведок, често и учесник во збиднувањата за кои сведочи. Следејќи го развитокот на нашата социјалистичка општествена заедница, документарни-

от филм, природно, во центарот на тој развиток ја следел и активноста на другарот Тито, неговиот развиток од инспиратор и водач на Револуцијата и раководител на Народноослободителната борба до креатор на новите самоуправни општествени односи и движењето на неврзаните. Документарниот филм, меѓутоа, сепак беше релативно ограничен со својата функција на хроничар. Дури подоцна се појавија одредени синтези и во документарниот филм, во кои се настојува ликот на другарот Тито да се согледа покомплексно и во развиток. Овие синтези во документарниот филм нужно се градат од често хетерогени елементи од претходно снимен материјал, подготвуван за други и подреден за поинаку конципирани цели. Меѓутоа, и врз база на таква постапка можно е да се создаваат вредни резултати, што докажува, на пример, и филмот "Тито" на Крсто Шканата.

Еден особен, по мое мислење недоволно проучен феномен се јавува во документарниот филм. Тој се состои во тоа што одредени секвенци од документарните филмови, кои во моментот на создавањето имале функција на просто сведочење, со тек от на времето добиваат значително покомплексно значење, раѓаат доживувачки интензитет и понекогаш прераснуваат во поетско доживување од највисок ред. Така, она што настанало како чисто документарно, неочекувано добива првокласна уметничка функција благодарејќи, од една страна, на новиот контекст во кој се доведува во една нова филмска синтеза, а од друга страна - благодарејќи и на временската дистанца, на промената на односот на гледачите кон настаните за кој станува збор. Овој феномен се јавува првенствено во оние документарни секвенци кои опфаќаат некои од клучните настани од нашата историја, како што се на пример, сцените снимени на 27 март 1941 година во Белград или пак сцените на ослободувањето на Белград и срекавањето со ослободителите, но тој се јавува и во сцените кои прикажуваат детали, одделни привидно безначајни животни ситуации, во кои ненадејно блеснува по некоја подлабока смисла. Тој феномен често се јавува и во документарните секвенци во кои е снимен другарот Тито. Понекогаш некоја карактеристична насмевка, израз на лицето или гест предизвикува ненадеен блесок на поетскиот ефект за кој зборувам. Така, на пример, во споменатиот филм на Крсто Шканата, со изборот на одредени фотоси на другарот Тито успешно е нагласена спојката меѓу топлата емотивна замисленост и непоколебливата одлучност. Овој филм, што го зедов како пример на успешен филм во кој со монтажна постапка се врши нова синтеза на архивски и друг документарен материјал / што не значи дека нема и други вредни филмови за Тито, работени на сличен начин/, на динамичен начин дава пресек на социјалистичкиот развиток на нашето општество, укажувајќи и на проблемите, и на преломните точки на тој развиток, и на успесите и тешкотиите, на природен начин преплетувајќи ја хронологијата на Титовиот животен пат со општественоисторискиот развиток на нашата земја. Ваквиот вид филмови служи како драгоцен пот-

сетник на оние кои знаат или го доживеале она за што станува збор во нив, а истовремено и како незаменливо сведоштво за оние кои не знаат, малку знаат или не го доживеале она за што тие филмови зборуваат.

Документарните филмови во кои се презентира ликот на другарот Тито може условно да се поделат на две групи: а/ една во која се наоѓаат филмови кои во природен временски континуитет сведочат за еден настан или низа настани, б/ синтетички филмови кои опфаќаат големи временски распони, монтирани од разни документарни секвенци. Додека првите во најголема мера им се подредени на условностите на моментот во кој се снимени и на настаните за кои сведочат, без можности за пошироки творечки интервенции затоа што во моментот на снимањето тие настани и не биле во центарот на интересирањето на нивните творци, дотогаш во филмовите, од другиот вид се јавува поголем простор за послободно творечко експонирање. Имам впечаток дека можностите во оваа втора група се уште не се во доволна мерка творечки искористени. Се уште се редат секвенци од порано снимените документарни филмови комбинирани со архивски материјали во една рамнолиниска низа, илустрирајќи го текстот на спикерот, кој публицистички апстрактно и клишетизирано ги соопштува информациите за кои станува збор, најчесто заситени со површно метафоризирање.

Од друга страна, во играниот филм патот до презентирањето на ликот на другарот Тито на филмското платно беше значително побавен, посложен, со повеќе заблуди, со очигледни промашувања. Во тој процес може да се согледаат две основни фази.

Во првата фаза нашите филмски творци не се осмелуваа во играниот филм да го презентираат ликот на другарот Тито со посредство на артисти. Тој лик во филмовите од таа фаза беше само посредно присутен. Или за него се зборуваше, или понекаде се гледаше неговата фотографија, или се слушаше гласот од лента. И оваа постапка не беше без смисла, ниту остануваше без ефект кога беше творечки адекватно употребена. Тој главно невидлив лик, во голем дел од тие филмови на индиректен начин беше успешно деловен со начинот на кој постоеше во свеста на другите ликови во филмот. Меѓутоа, во рамките на овој начин постоеше опасност тој лик донекаде да се мистифицира, да се направи премногу апстрактен.

Во вториот дел од оваа фаза почнаа да се прават првите чекори кон тоа ликот на другарот Тито да биде и непосредно присутен во филмот, но се уште не со посредство на артист кој би го толкувал тој лик. Во оваа група филмови ликот на другарот Тито се презентира низ секвенци од документарни филмови монтирани во играниот филм, како на пример во филмот "Десантот на Дрвар" на Фадил Хаџиќ. Оваа постапка, која настојува да го поврзе документарното со играното на тој начин што физички ќе ги здружи а притоа да не навлезат непосредно едното во другото, може да биде применета само во оние случаи во кои дејството на

филмот временски се поклонува со времето во кое се снимени документарните секвенци со кои се располага. Во рамките на инвентивните монтажни постапки документарните секвенци го засилуваа впечатокот на уверливост на оние делови од филмот кои се од игран карактер, а во случаите на вештачки спојки - одломките од документарниот филм само ја разбиваа претставата на стварноста што играниот филм настојува да ја конструира. Оваа постапка ја користеле многумина режисери на филмови со тематика од НОБ и Револуцијата. Меѓутоа, оваа постапка е применлива главно во филмови кои претставуваат релативно верна историска реконструкција на некое од одлучните и драматични збиднувања во НОБ, а помалку се пригодни за групите видови на играниот филм, кои мораат да имаат послободно градена фабула. Титовиот лик најчесто се споменува во филмовите со тематика од НОБ и Револуцијата. Во рамките на оваа тематска ориентација најнапред и дојде до обидите ликот на другарот Тито да се презентира во играниот филм со посредство на артисти. До оваа, втора основна фаза се доаѓа релативно доцна. Искуствата од оваа фаза се уште се скудни, но сепак значајни. Некои заблуди се распрснати, некои страхувања се покажаа како нереални. Можеби преголемата одговорност што го притискаше не само секој режисер кој ќе се најдеше пред тој проблем, туку и секој домашен артист кој сонувал за тоа да го толкува ликот на другарот Тито на филм, и доведе до тоа оваа тешка задача најнапред да му биде поверена на еден странски артист, на Ричард Бартон во филмот "Сутјеска" на Стипе Делиќ. Секако дека денес е тешко прецизно да се утврди што се влијаеле врз изборот на Бартон, но уште при првото негово прикажување беше јасно, а денес тоа е уште појасно - дека тоа беше големо промашување, дека со Бартоновата реализација беше во голема мерка се оштрби вкупната вредност на тој филм, која инаку, е несомнена. Не е можно да се одбегне впечатокот дека на таа определба во прв ред влијаела Бартоновата популарност во светот на филмот. Може да се претпостави дека се очекувало неговото име да обезбеди полесен продор на овој филм на светскиот пазар, па така и неговата прогресивна порака полесно да го изнајде патот до оној странски гледач кому му е помалку позната суштината и тежината на нашата Народноослободителна борба. Меѓутоа, независно од овие претпоставки, наполно е јасно дека Бартон во оваа улога не само што не ги оправда очекувањата туку остана далеку под својот вообичаен артистички дострел. За ова уште тогаш еден дел од нашата критика го даде својот суд, а времето го потврди. Така, на пример, Мира Боглич во написот "Сутјеска - меѓу традиционалното и современото" /"Филмска култура" број 89, 1973/, давајќи во целина позитивна оценка за овој филм, за оваа улога го напиша следново: "... најголемото промашување на овој план беше изборот на Ричард Бартон, кому му беше доверено да го толкува всушност клучниот лик на оваа драма, ликот на врховниот командант. Тешко е да се заклучи со што се раководел Дели, одлучувајќи се за Бартон, но јасно е дека изборот е наполно промашен. Бартон не само што не се ни обидел да

проникне во ликот, туку премногу не се ни трудел да се инкорпорира во средината и амбиентот на филмот, чиј главен протагонист требаше да биде. Стипе Делиќ, исто така, ништо не сторил за да го "ослободи" Бартон од чудниот изнасилен грч во кој овој беше од почетокот до крајот на филмот. Конечно, дијалозите што Бартон ги зборува не се ниту целисходни ниту сообразени со улогата на овој лик во драмата "Сутјеска". Многубројните домашни гледачи на овој филм, овој Бартонов уметнички неуспех тешко го прифаќаат, очекувајќи дека односот кон улогата што ја има странскиот артист ќе биде барем приближен со почитувањето и љубовта што тие ги имаат кон ликот што требаше да се толкува. Овој случај покажа дека таквите очекувања беа нереални, ако не и наивни. Странскиот артист тоа го сфати како една од своите тековни артистички задачи, а не како животна улога. Така обидот, решението на овој тежок артистички, сценаристички и режисерски проблем да се префрли на туѓ грб заврши неславно. Стана премногу јасно дека славното странско име не гарантира автоматски и уметничко ниво, иако може да претставува мамка за бројната публика. Така се отвори простор за обид со домашен артист. Неуспехот со странскиот артист услови посмело да се направи првиот и релативно успешен чекор во тој правец, што го оствари Марко Тодоровиќ во филмот на Жика Митровиќ "Ужичка република".

Марко Тодоровиќ својата задача ја остварил воздржано, без големи гестови, но со јасно навестување на внатрешната сила што зрачи од ликот што го толкува. Можеби таа воздржаност доведе и до извесно ограничување на спонтаноста во однесувањето и до движење пред камерата, но и ова е подобро отколку евентуална неконтролирана динамичност. Ја немаше во неговата интерпретација онаа внатрешна човечка топлина која, на пример, зрачи од бројните секвенци на документарните филмови за другарот Тито, но затоа пак ниту во еден момент не делуваше како туѓо тело во филмот во кој игра, што инаку му се случи на Ричард Бартон. Сериозна контролираност - тоа беше доминантната психолошка карактеристика на Титовиот лик во интерпретацијата на Марко Тодоровиќ. Оваа улога отвори нови можности за толкување на ликот на другарот Тито во играниот филм. Најнапред, покажа дека е можно тој лик да се толкува и со домашен артист, потоа дека тоа може да се направи и подобро од неспоредливо прославниот странски артист и, најодзади - дека дури сега, по овој прв успешен чекор, би требало да се оди понатаму во студиско изградување на ликот на другарот Тито во нашиот игран филм. Меѓутоа, кога зборуваме за можностите на домашните и странските артисти да го толкуваат тој лик, не смееме да бидеме искл учителни ниту во една ниту во друга смисла. Имено, не би требало заради уметничкото промашување на Ричард Бартон /а во однос на оваа улога тоа е промашување и на режисерот и на сценаристот на "Сутјеска"/, и колку тоа промашување да биде мошне изразено, да се отфрли однапред секоја можност некој странски артист таа работа да ја изврши далеку подобро од Бартон.

Не треба да се биде а приори ниту за ниту против странски артист. Меѓутоа, во однос на оваа уметничка задача, домашниот и странскиот артист објективно не се во еднаква положба. Поголема е веројатноста дека домашниот артист подобро ќе го разбере тој лик и полесно со него ќе се соживее отколку странскиот и колку тој да биде во таа смисла добронамерен и пожртвуван. А, сепак, на крајот се зависи од талентот не само на артистот, туку и на сценаристот и режисерот кои со тој артист работат на филмот, кои го сместуваат во одреден контекст и со неговата улога ја градат структурата на својот филм. Заради тоа, во случај на нови чекори во тој правец, поприродно е да му се даде шанса на домашниот артист не само поради поевтиното чинење/ ако ги имаме предвид огромните хонорари што ги бараат странските артистички величини каква што е Бартон/.

Сега е време да го формулирам одговорот на прашањето што го поставив на почетокот на ова излагање. Најнапред, сметам дека има основа за заклучок дека ликот на другарот Тито, неговото светскоисториско значење, од една страна, и неговата човечка особеност, од друга, се уште не се во доволна мерка комплексно и продлабочено презентирани во нашиот филм, иако во таа смисла досега се направени значајни напори. Како второ, може да се заклучи дека таа задача многу подобро, поуверливо и посестрано е извршена во документарниот отколку во играниот филм.

Кога го истакнувам овој втор заклучок, неопходно е да нагласам дека ситуацијата на која тој укажува ја условиле и бројни објективни причини. Ќе спомнеме дел од нив, за да не се добие впечаток дека авторите на играните филмови биле помалку заинтересирани за презентирање на ликот на другарот Тито во филмот од документаристите.

Документарниот филм, од една страна, а во предност над играниот, затоа што не мора да го "доловува" ликот на другарот Тито; тој го пренесува непосредно од животот, ловејќи автентични моменти од неговата вистинска егзистенција. Тука нема артисти кои би требало да го интерпретираат тој лик, сценаристот не треба да го измислува она што тој лик во филмот треба да го каже, драматургот не треба да ги конституира постапките што тој лик треба да ги прави. Оваа предност, меѓутоа, како што обично се случува во уметноста, од друга страна, се покажува и како недостаток: документарниот филм е ограничен со фактографија; тој мора да ги комбинира одломките од автентичната стварност, снимените моменти од егзистенцијата на ликот на другарот Тито да ги доведува во нови односи и од нив да создава нова структура, нова стварност. Меѓутоа, во тоа документарниот филм ја нема онаа слобода, ширина и разновидност на можности што ја има играниот филм. Играниот филм би можел Титовиот лик да го оживее во низа негови разновидни димензии, и надвор од оние што станале објект на камерите на документаристите. Не е целиот живот на другарот Тито снимен со документарна каме-

ра. Многу од клучните негови моменти, неговите моменти на одлуки, останувањето самиот со себе, неговата интима не се, а ниту можеле да бидат снимени. Тие можат да бидат претставени само со посебна креација за која, по својата природа е погоден, токму играниот филм. Играниот филм може суштината на Титовиот лик да ја прикаже на разни начини, со различни средства, со низа различни артисти. Ова презентирање на особеностите на тој лик, неговите човечки привлечности здружени со силата, со неговиот бурен и разновиден живот кој е поинтересен од бројни атрактивни филмски остварувања, па дури и да го набљудуваме само од неговата надворешна страна - сето ова нашиот игран филм само го навести, тукушто го зачна. Дури во филмот "Ужичка република", со толкувањето на Марко Тодоровиќ се зачнати тие можности.

Најодзади, потребно е да се истакне уште еден аспект, во комплексот на проблемите на презентирањето на ликот на другарот Тито во нашиот филм. Досега ликот на другарот Тито беше прикажан во нашиот игран филм само во воени услови. Ликот на другарот Тито во мир, во изградбата на самоуправниот социјализам се уште не станал предмет на нашиот игран филм, туку се задржал само во рамките на документарниот филм. Со ова не тврдам дека сега би требало брзоплето да се започне со неподлабочени презентации на тој лик во нашиот игран филм. Но едно е сигурно - тој лик ќе биде инспирација на нашите филмски творци долга низа години и филмовите во кои ќе се направи обид што подлабоко да се реинкарнираат особеностите на тој лик - допрва ќе дојдат.

10 јуни 1977

МИРОСЛАВ ЧЕПИНЧИЌ

ТИТО ВО ДЕЛАТА НА МАКЕДОНСКИТЕ ДОКУМЕНТАРИСТИ

Во оваа година, секако, е момент да се потсетиме на една забележителна филмографија која тематски е сврзана со личноста на Тито и неговото дело. Македонската кинематографија, нејзините филмски работници беа неуморни и грижливи хроничари на секој од овие големи и пријатни настани какви што беа посетите на другарот Тито на Социјалистичка Република Македонија и неговите средби со македонскиот народ. Чувството на голема радост и задоволство што е Тито меѓу нив, Македонците секогаш го изразувале со еднакво одушевување. Чувството на припадност кон Титовата идеја и дело, чувството дека духот на братството и единството е остварен и дека неговото манифестирање со ништо не се спречува или намалува, сето тоа и многу други елементи се дел од еден драгоцен асоцијативен комплекс кој на филмскиот автор му ја нуди присутноста на Тито во неговото дело.

Филмските хроничари и режисерите - документаристи во однос на еден ваков извор на мотиви се најдуваат во ситуација која на еден специфичен начин од нив бара во својата постапка да применат истовремено рационална дистанца, која би обезбедила објективност и организираност на филмскиот призор а наедно им дава можност во рамките на истиот тој призор да го пуштата оној емотивен порој, кој толку неусилено допира до гледачот од филмовите во кои настаните се насочени кон титовата личност. Се чини дека во драматуршка смисла тука Титовата личност е оној обединувачки принцип, кој на едноставен начин ги потиснува разликите во режисерските постапки и овозможува функционалност на целината. И не е ни малку зачудувачки што една личност со огромен творечки потенцијал каква што е Титовата е толку благодарна и драгоцена тема за нашите филмски работници, документаристи. Ова е еден од аспектите што се јавуваат како искуство во чисто занаетчиско-драматуршка смисла од најголемиот број документарци посветени на другарот Тито.

Во македонската филмска хроника и документаристичкото бележење остана регистрирана цела една низа средби на другарот Тито со македонскиот народ и неговите раководители. Поточно, од 1945 година, од првите посети на другарот Тито на СРМ, па се до неговата последна посета во 1975 година, камерите на македонските документаристи ги фиксираа овие значајни моменти во животот и историјата на СРМ, третирајќи ја Титовата личност како интегрален и незаменлив дел од историјата на македонскиот народ, исто како што е дел од сите наши народи и народности. Другарот Тито со внимание и голема заинтересираност го следеше развојот на СР Македонија, на нејзините индустриски и земјоделски капацитети, нејзините богати културни традиции, но најмногу од се беше заинтересиран за судбината на македонскиот човек, кој, овојпат во

слободна земја, го доживува и остварува својот национален интегритет. Ова, е, имено, доминанта во скоро сите документарци, кои било во вид на хроника или во облик на репортажа, ги следат овие настани, создавајќи една посебна сторија која ќе значи афирмација на македонското документарно творештво.

"Тито меѓу нас" е наслов на документарецот кој во 1953 година го реализираа Трајче Попов и Киро Билбиловски, за што беше повод посетата на другарот Тито на Скопје по повод прославата на 11 Октомври, денот на востанието на македонскиот народ. Насловот на филмот е мошне индикативен во врска со обработката на тематиката која ќе се покаже основна во скоро сите документарци реализирани во рамките на овој мотив. Она што од сите овие документарци еманира со своевидна убедливост е точно односот меѓу Тито и народот, нераскинливоста на таа врска и безграничната доверба во Титовата личност. Заклучокот што тука се наметнува е дека во таа релација, низ многукратната Титова личност успешно се огледуваат желбите и стремежите на народот и идеалите на неговата иднина. Тука повторно се уверуваме во силината на филмскиот документ, во неговата иманентна историчност, во неговата незаобиколна воспитна улога. Меѓутоа, тука почнуваат да ни се откриваат и некои нови слоеви на неговата изразеност. Присутноста на другарот Тито во кадарот на документарецот дејствува и како катализатор на множество идеи и емоции, кои во тој и таков контекст се презентираат на најдобар можен начин. Пред гледачот се откриваат, во еден единствен призор, во многу целисходна визуелна низа, и идејата, и нејзиниот творец, како и нејзиното исполнување.

Со тоа динамиката на нашиот денешен општествен развиток е опфатена во својата целосност. Ова, исто така, упатува кон асоцијативната поврзаност на нашите поими со социјалистичката и самоуправна општествена структура која со спонтаност на метафора се сврзува за Титовата личност тоталитет на сите оние идеали кои со негова помош денес успешно ги остваруваме. Ова, воглавно, би биле само некои од можните белези на иконографското значење на личноста на Тито во просторот и кадарот на документарниот филм, и тоа таков документарен филм кој се труди ритмичноста на своето кажување да ја усогласи со динамиката и револуционерното значење на оние општествени промени и збиднувања чиј иницијатор е другарот Тито. Ова настојување е видливо во цела една низа остварувања на македонските документаристи, какво што е на пример: "Со Тито низ Македонија", мошне исцрпна репортажа во три продолженија, во кои филмски е презентирана посетата на другарот Тито на СРМ во 1957 година. Оваа хроника ја реализирале Јован Поповски, Гојко Секуловски и Ацо Петровски, со впечатлив обид пошироката југословенска јавност да биде што подетално и што пообјективно информирана за оваа посета. Да го споменеме и тоа бидејќи се работи точно за овој настан, дека другарот Тито при посетата на Битола се најде и пред објективот

на камерата број 300, секако на првиот "Документарист" на Балканот Милтон Манаки.

Понатаму можеме да ја следиме мошне интересната и историски необично значајна хронологија на посетите на другарот Тито на СР Македонија. Сведоци сме, заедно со него, на квалитативните промени во стопанскиот и културниот растеж. На сето тоа присуствуваме заедно со главниот поборник за слобода на творештвото. Сведоци сме на неговото и нашето сопствено задоволство од постигнатите резултати. Сето ова, како и многу други значајни моменти претставува содржина на филмовите за Тито. "Тито меѓу младите", е запис на Трајче Попов и Бранко Гапо од 1961 година, кој фиксира некои моменти од свеченостите по повод пуштањето во сообраќај на една делница на Автопатот "Братство-единство" и митингот што по тој повод е одржан во Скопје на 13 Ноември 1961 година.

Интересен е и филмот, "Тито во Охрид", документарец на Кочо Недков, снимен во 1967 година, каде во амбиентот на стариот македонски град се одвива жива динамика на призори-средби на другарот Тито со охриѓаните, средба со еден значаен дел од историјата на македонскиот народ, кој го инкарнираат многубројните културно-историски споменици на почвата на овој град, другарот Тито со големо внимание ги разгледуваше. "Тито во Железарницата" е документ за состојбата во современиот развој на македонската индустрија, а снимен е за време на посетата на другарот Тито во овој објект, кој во негова чест го доживеа свеченото пуштање во производство. Филмот, со деликатен документаристички нерв, го реализираа Томе Момировски и Кочо Недков. Тука бележиме и една средба што означи еден трагичен миг во историјата на македонскиот народ. Тоа е катастрофата на Скопје во 1963 година, кога другарот Тито меѓу првите дојде да ги сподели страдањата и тагата на народот. Тука, во тие кадри исполнети со силна ојаденост заради ненадејната катаклизма што се сруши врз динамичното секојдневие на градот кој беше во подем, Титовата присутност влеваше нималку чуден оптимизам, кој јасно кажува дека трагедијата ќе биде пребродена со солидарноста на сите наши народи и народности, и на целото мирољубиво човештво. И, навистина, оваа Титова профетска мисла се открива пред нас како стварност во кадрите на документарецот "Град на човековото препознавање" од 1973 година, филм на авторите Томе Момировски и Трајче Попов, во кој во форма на ретроспекција се настојува да се прикаже развојот на новото Скопје во блиската тематска релација со посетите на другарот Тито на овој град.

Тука би можеле да споменеме уште голем број документарни филмови, но овојпат се ограничивме само на оние за кои сметавме дека се најкарактеристични по формата и изразот, по тематиката што е предмет на ова излагање.

Можеме да го споменете и филмот "Тито во Пелагонија" од 1969 годи-

на на режисерот Кочо Недков, кој исто така со еден поширок документаристички пристап ја обработува Титовата посета на овој земјоделско-индустриски комбинат и неговите средби со работниците од овој колектив. Потаму имаме два филма - документарни хроники, со идентичен наслов: "Тито во Македонија", што се снимени во 1969 и 1970 година. Автори на првиот се Гане Тодоровски како писател на сценариото и познатиот македонски режисер Бранко Гапо, а на вториот Мето Петровски и Мишо Самоиловски. Конечно, посебно место во оваа филмографија зазема филмот на Трајче Попов "Во својот град", снимен по повод посетата на другарот Тито на градот што го носи неговото име - Титов Велес, во 1975 година. Мошне успешен документарец за градот и човекот кој му е најдраг гостин, полн со апотеотичка атмосфера на љубов и доверба кон стварноста и надежите на иднината што ја дава човекот чие име со гордост го носи овој град.

Завршувајќи го овој скромен прилог кон тематиката што секогаш е жива и актуелна, ќе ја спомнеме и сторијата на "Филмските новини" посветена на свеченоста по повод прогласувањето на другарот Тито по трет пат за народен херој. Непобитно е дека Титовата личност и дело сеперманентна инспирација на нашите документаристи и дека со овој чин се отвора една нова тематска област во која, без сомневање, и македонските документаристи ќе го дадат својот прилог, приклучувајќи се така кон значајните јубилеи кои во моментов ги одбележуваме.

(Излагање на Симпозиумот на тема "Ликот на другарот Тито во југословенскиот филм", одржан во Илок од 10 до 14 јуни 1977 година, во организација на Сојузот на филмските и ТВ критичари и публицисти на Југославија и Сојузот на филмските работници на Југославија)




PANAVISION

Џавид Хусиќ

Тито на снимањето на филмот "Сутјеска"

Во тригодишната хроника на интензивното создавање на "Сутјеска", со златни букви се испишани четврти и петти септември 1971 година.

Ден спроти големата прослава на Тјентиште и отворањето на Споменикот на хероите на Сутјеска, Претседателот Тито го прими раководството и артистите на филмот "Сутјеска". Приемот беше одржан на ливадата пред Претседателовата мала летна резиденција, во извонредна атмосфера, и траеше скоро час и половина.

Имав чест на Претседателот да му ги објаснувам фотографиите што ги направивме во првите недели на снимањето. Во обични албуми, кои ги набавивме во Фоча, беа поредени сцените од Жабљак. Извинувајќи се поради тоа што фотосите се во црно-бела техника, го замолив Претседателот да ги погледа. "Да видиме"!, одговори. Внимателно ги гледаше глетките од филмот и ги слушаше моите објаснувања.

При крајот на средбата со Претседателот дојде до пријатно изненадување за членовите на екипата. Цел еден месец пред тоа правевме подготовки во надеж дека Претседателот ќе може да присуствува на снимањето на барем една сцена во близината на Тјентиште. Штабот на прославата одговори дека Претседателот го очекуваат на Тјентиште многу средби и говор на прославата. Па, сепак, Владо Шегрт ја спомна евентуалната посета на снимањето. "Зошто не, да појдеме!", одговори Претседателот. За време на прославата, два дена, екипата на "Сутјеска" беше распуштена и сега, неочекувано, настана мобилна состојба. Итно повиканите луѓе, во текот на ноќта брзаа кон Тјентиште од Сараево, Загреб, Белград, Сплит. Им јавивме до пладне да бидат подготвени. Претседателот и неговата придружба стигнаа по ручекот во Вратаре, најтесниот дел од кањонот на Сутјеска. Тука, за југословенскиот филм и уметноста воопшто, беше подготвена исклучителна глетка. Само за триесет минути требаше да биде снимена сцената на Титовото ранување. Пред трите камери на Томислав Пинтер и неговите помошници се најдоа артистите Ричард Бартон, Харди Кригер, Реља Башиќ, Петар Баничевиќ и други. За налетот на авијацијата беше задолжен полковникот Александар Секулиќ, за експлозиите на земјата шефот на пиротехниката Здравко Смојвер. Ескадрилата авиони стигнуваше од аеродромот во Мостар и сите три дејства требаше да се предвидат во секунда. Никогаш луѓето од филмот немаа позначаен гостин и настојуваа да се покажат што е можно подобро. Тито го гледаше "своето ранување" од пред 28 години!

Додека се очекуваше почетокот на снимањето, Владо Шегрт поправи една историска заблуда, зборувајќи:

- Другар Тито, јас не се сложувам со податокот дека сте ранети на Ми-

линкладе на деветти јуни 1943. Тоа во својот дневник го наведе Дедиер и така и остана. А Вие сте ранет, точно се сеќавам, под врвот на Озрен, неколку стотини метри подалеку од Милинкладе.

- Верувам дека е така, Владо! - се насмевна Претседателот. - Знаеш, тогаш не ни беше до одбележување на местата. Кој би запомнил, кога тој ден авијацијата не биеше непрестајно, мислам цели девет часови!

Конечно, дојдоа филмските авиони, но тоа беше само проба, усогласување на последните подробности. Потоа: вистинското снимање. Истовремено со завивањето на бомбардерите се огласија и првите експлозии на земјата. Гранки и грмушки летаа на сите страни, густ чад ги обвиваше јунаците на сцената. Потоа, за момент сè се смирува. Бартон - Врховниот командант - се подигнува, се држи за левата рака и гласно прашува:

- Има ли некој жив?

Камерите свртуваат кон тешко ранетиот Стјуарт, кон веќе мртвиот Титов придружник Ѓуро, кон зашематениот Дикин. Оваа сцена истата ноќ ја видоа гледачите на телевизискиот "Дневник"во Југославија и во многу земји на Европа и светот. "Титовото ранување" делуваше убедливо.

Претседателот беше задоволен. Артистите се собраа и тој им рече:

- Добро е, успеавте да ја доловите атмосферата. Така беше и во војната.

Следното утро една фотографија го обиколи светот: Претседателот Тито зад објективот на филмската камера на "Сутјеска".

Текстот во филмот, секако, е нужно зло, но ако веќе мора да го има, тогаш е важно да биде во согласност со сликата, така што во судирот со неа да добива нов контекст и метафора. За пишување текст за филмот за Тито имав рок од само пет дена. За филм од половина час тоа е драстично кратко време. Но, мене ми помогна околноста што бев примен во СКОЈ во 1935 год. а член на Партијата станав истата година кога Тито дојде на нејзиното чело. Јас и моите другари тогаш, во илегални услови на работење, не знаевме, се разбира, ниту кој е на чело на Партијата ниту дека дошло до промена во нејзиниот врв. Но, од тоа, 1937 година, наеднаш почувствувавме дека партиските директиви се поклопуваат со нашите најинтимни желби. Така, јас Титовиот лик го доживеав "однатре". Ми помогна и тоа што веќе имав, навистина не големо, сепак некакво искуство во таа работа. Имено, во 1955 година напишав текст за филмот "Со другарот е другар", што го режирав заедно со Саша Петровиќ, и за филмот со наполно поинаков, поетски, жанр "Летот над мочуриштето" (исто така во режија на С. Петровиќ). Понатаму, пишував текстови и за филмовите "Строј от од Рудо" на Стјепан Заниновиќ, "Терористи" на Крсто Шканата, како и за нарачаниот филм "Неретванскиот предизвик" во режија на Р. Ивковиќ и М. Милошевиќ, кој беше прикажан на овогодишниот фестивал.

Вицко Распор

(Од интервјуто на белградската радиостаница "Студио 202")

Т И Т О

документарен филм

Сценарио и режија:
Крсто Шканата

Автор на текстот:
Вицко Распор

Производство:
Дунав филм
Белград 1977

СЛИКА	ТЕКСТ
Тито на говорница во Народното собрание	(Тито (синхроно): "Се заколнувам со својата чест и со честа на работниот народ на Југославија дека сите должности на Претседател на Републиката ќе ги извршувам предано и верно, дека ќе се придржувам кон Уставот и законот и другите одлуки на Народното собрание, дека ќе го чувам и бранам суверенитетот и достоинството на Федеративна Народна Република Југославија и дека сите свои сили ќе ги вложам за понатамошен напредок и развиток на слободна и рамноправна социјалистичка заедница на нашите народи.")
Тотал на пратеници во Собранието	
Тито на говорница во Собранието	
Крупен план на Тито од фотографија	Филозофите светот само различно го толкуваат, Јосип Броз Тито го менува. Тој е иницијатор и стратег на втората во светот социјалистичка револуција.
Кумровец. Родната куќа на Тито	Во Хрватско Загорје, лулката на големата селска буна од XVI-от век, се наоѓа и лулката на Јосип Броз. Се родил во 1892 година во Кумровец.
Полициска фотографија на Јосип Броз од 1928 година	"Буржоаскиот суд не го признавам!" - изјави бунтовно во 1928 тогашниот секретар на Загребскиот градски комитет на Комунистичката партија, кога

СЛИКА	ТЕКСТ
	беше уапсен од монархистичко-буржоаскиот режим.
Тотал на Москва од предвоено време.	По пет години робување, тој по партиска задача отиде во Москва, на работа во Коминтерната. Во тоа време, во полн ек беа Сталиновите "чистки" во кои без никаква трага исчезнаа и југословенските комунисти:
Сталин на говорница помеѓу двете војни	
(Со титли имињата:) Филип Филиповиќ Коста Новаковиќ Раде Вујовиќ Војо Вујовиќ Гргур Вујовиќ Стјепан Цвииќ Владо Чопиќ Данило Срдиќ Камило Хорватиќ	Извршувајќи ја својата интернационалистичка обврска, Комунистичката партија на Југославија ги праќаше своите членови во Шпанија, но многумина од нив не паднаа на тоа бојиште, туку од Сталиновата рака.
Предвоен тотал на Москва	Тогаш и Тито, според сопствените зборови, ги доживуваше најтешките денови, зашто во Коминтерната се работело на укинувањето на Комунистичката партија на Југославија.
Предвоен портрет на Тито од лажен пасош	Единствено Ѓорѓи Димитров, генералниот секретар на Коминтерната, имаше доверба во Тито.
Ѓорѓи Димитров на говорницата на Коминтерната	Во 1937 година Тито доаѓа на чело на Комунистичката партија на Југославија.
Предвоен портрет на Тито	Тоа се случи во она судбоносно време, кога фашизмот се готвеше за најголемиот колеж во историјата на човештвото и за дефинитивна пресметка со првата земја на социјализмот.
Голем плакат со паролите:	
Хитлер говори меѓу СС-овците. Тотал на улиците на Минхен Хитлер и Мусолини во автомобил Тотал на Минхен со маси во шпалир.	
Стојадиновиќ излегува од автомобил.	Реакционерниот претседател на кралската влада Стојадиновиќ се трудеше


СЛИКА	ТЕКСТ
Стојадиновиќ и Мусолини	што повеќе да личи на Мусолини...
Кнезот Павле ја сече лентата Кнезот Павле излегува од кола кај Хитлер	... а на кнезот Павле Карађорђевиќ му импонираше што е примен кај Фирерот.
Кнезот Павле и Хитлер	
Парада на Хитлеровата војска пред Хитлер и кнезот Павле	И наместо да го вооружат својот народ и да го подготват за борба против ропство, тие ропски и се восхитуваа на моќната машинерија на идните џелати на југословенските патриоти
Хитлер и Павле на трибина	
Хрватските "крижари" на парада во Загреб. Уште еден кадар од парадата на "крижарите".	Така и во земјата се разврзаа темните сили на петтата колона: и на хрватските "крижари", идните усташи...
Процесија со Степинец	... проусташки настроениот клер со надбискупот Степинец на чело...
Коста Пеќанац со своите четници Четниците на Коста Пеќанац играат оро	... и на српските четници на Коста Пеќанац. Сите тие, во служба на окупаторот, ќе станат носители на братоубиствениот колеж.
Четниците на Коста Пеќанац покрај богата трпеза ги покажуваат камите.	
Предвоена фотографија на Тито Екстериер на куќата во која е одржана V-та земска конференција. Ентериер во кој е одржана V-та земска конференција Повторно предвоен фотос на Тито	Само Комунистичката партија на Југославија на чело со Тито на V-та земска конференција во 1940 го повикуваше народот во борба против обединетите фашистички сили. Тито тогаш визионерски рече: "Напред сега во конечна борба. Идната конференција ќе ја одржиме во земјата, ослободена и од туѓинците и од капиталистите!
Хитлер синхроно говори	Хитлер кој, без објава, ја отпочна Втората светска војна во 1939 веќе беше поробил цела низа европски земји, на ред беше и Југославија.
Тотал на разрушената Варшава	


СЛИКА	ТЕКСТ
Мапа на Европа на која (анимирано) се прикажува Хитлеровото напредување	
Цветковиќ кај Хитлер	Петтоколонашката кралска влада Цветковиќ-Мачек го потпишува Тројниот пакт со силите на оската.
Тотал на демонстрации на 27 март во Белград со натпис "Подобро војна отколку пакт!". Тотал од демонстрациите. Големата парола "Подобро гроб одошто роб" на мартовските демонстрации	Но, како одзив на некогашниот бунтовен Титов предизвик: "Буржоаскиот суд не го признавам!", на 27 март 1941 целиот народ исфрла пароли: Подобро војна отколку пакт", "Подобро гроб одошто роб!" и ја руши буржоаската спогодба со фашистите.
Тотал на масите на мартовските демонстрации во Белград.	
Парола "Да живее СССР" на мартовските демонстрации	
Ескадрила на германски бомбардери. Бомби паѓаат од авиони. Бомбардирање на Белград. Рушење на згради во Белград. Бомбардирање на Белград. Карта на Југославија со (анимирани) стрелки на продирање на Хитлеровата и Мусолиниевата војска во Југославија.	Хитлер е збеснат и наредува сурова одмазда. Но, овој непредвиден воен поход му одзема шест скапоцени недели за напад на Советскиот Сојуз. Со помош на петтата колона, Хитлер ја смачкува Југославија како држава само за дванаесет дена.
Заробени југословенски војници	
Кралот Петар се ракува при заминувањето од земјата. Кралот Петар и кнезот	Кралската фамилија навреме бега од боиштето, оставајќи го разоруженият народ, кој во тие тешки мигови не и е потребен.

СЛИКА	ТЕКСТ
Павле седнуваат во автомобил.	
Портрет на Тито	Единствените што останаа со народот беа Комунистичката партија и нејзиниот Тито.
Карта на Југославија со впишани германски натписи	Својот лесен плен, Хитлер сердно го делеше на сојузниците...
Хитлер и бугарскиот цар Борис	... на Бугарскиот цар Борис...
Крупен план на Борис	... кој настојуваше во својот терор над народот да не заостане зад своите "добротвори"...
Стрелање на партизани од страна на бугарските трупи Хитлер и Хорти	... и на адмиралот без море Хорти...
Хортиовци стрелаат партизани.	... кој, пак, не сакаше да заостане зад Борис...
Павелиќ и Хитлер се ракуваат.	... и на злосторничкиот предавник "доглавникот" Павелиќ....
Павелиќ и Хитлер во разговор	... кој преку својот надбискуп Степинец прво ги прекрстуваше православните во католичка вера, а потоа ги праќаше на стрелање...
Степинец им дава благослов на селаните. Вод за стрелање. Стреланите селани. Жени над стреланите селани.	
Рупник се ракува со германскиот командант	... и на предавникот Рупник во Словенија...
Стрелање на партизаните во Целје	
Тотал на истото стрелање	... и на самоповиканиот "спасител" на Србија - Недиќ...
Недиќ со запалена свеќа	... кој соработуваше со предавничката "војска во татковината" на Дражо Михаиловиќ.
Колона на четници Четнички колеж Злосторство на четниците.	
Уште едно четничко злосторство.	И додека Хитлер со темната сенка на нацистичката окупација ја прекрива

СЛИКА	ТЕКСТ
Непрегледна маса на нацистички симболи и повици Хитлер говори. Парада на нацистичката војска.	скоро цела Европа...
"Свастика од запалени факели во нацистичка масовка	... блесокот на свастика требаше да ја прошири темнината на огромните пространства на земјата на Советите.
Тотал на Кремљ.	(Спикер на руски, синхроно: "Хитлер се подготвуваше вероломно да го раскине пактот за ненапаѓање со Советскиот Сојуз. Но Сталин не обрнуваше внимание на тие алармантни сигнали и затоа советската армада не беше ставена во бојна готовност.")
Сталин пред Лениновиот мавзолеј.	
Плакатот на Болшој театарот со најавената претстава "Ромео и Јулија" за 22 јуни 1941.	
Група германски бомбардери над советско земјиште. Крупен план на бомбардерите. Повторно тотал на бомбардерите. Крупен план на бомби кои излегуваат од авион.	
Бомбардирано земјиште со експлозии. Штуки во рушење. Германски тенкови во напредување. Запалено село во Украина. Урнатини и во преден план жена што плаче. Тито (во американ) во униформа на партизански командант.	ДА!. Сталин, се чини, му верувал на пактот и затоа Хитлеровиот напад го наречува "вероломен", и затоа скоро целиот товар на најголемата војна во историјата на човештвото падна на советските луѓе, кои до нејзиниот крај ќе дадат дваесет милиони жртви. За Тито тоа не е вероломен напад. Готвејќи ги своите членови за одбрана на земјата веќе во деновите на судетската криза, Комунистичката партија на Југославија на 4 јули 1941 го објавува сенародното востание.
Стеван Филиповиќ со дигнати раце под бесилка	

СЛИКА	ТЕКСТ
Знамето на Ужичката република на улиците на Ужице. Заробените Германци во Ужице. Тотал на колона заробени Германци. Насмеаниот народ во ослободеното Ужице.	"Смрт на фашизмот - слобода на народот!" таа концизна Титова парола за суштината на Народноослободителната борба прејде преку стотина илјади усни на југословенските борци и жртвите на фашизмот.
Чети на партизани во Ужице. Манифестации на народот во Ужице. Осветлена Југославија на картата на окупираната Европа.	Во срцето на Хитлеровата "тврдина Европа" пулсираше животот на слободната територија на Ужичката република.
Колона партизани во покрет	
Тито при формирањето на I-та пролетерска бригада Крупен план на Тито. Построена I-та пролетерска Колона на партизани на чело со Тито. Моша Пијаде, крупно, пишува на маса. Моша Пијаде крупно. Моша Пијаде и Тито. Младинец ја испишува паролата "Тито" на ѕидот од зградата.	Замавот на востанието му овозможи на Тито веќе кон крајот на 1941 да пристапи кон формирање на пролетерските бригади, составени од најборбените луѓе, најпрво од редовите на работничката класа.
	Напоредно со воените операции, на ослободената територија никнуваше и новата народна власт, соборувајќи ја старата, буржоаска.
Среден план на ликови на селани на ослободената територија. Крупен план на селани. Швенк во тотал на селани. Ликови од народот крупно. Тотал на собраниот народ. Уште еден тотал на народот.	Германскиот државен советник д-р Турнер праќа извештај во Берлин: "Народот никому не му верува, по комунистичките бандити оди како слеп. Не помага ни нашата засилена пропаган-





СЛИКА	ТЕКСТ
Крупен план на селани со пушка. Два партизана, крупно. Партизани, жени и деца. Тотал на народ со партизани.	да дека на болшевиците на фронтот им оди слабо. Добивам впечаток дека дури и веста за капитулација на Советскиот Сојуз не би довела до капитулација на овие бандити."
Тито над секција и компас. Германец на тенк. Германски авион во напад.	Веќе кон крајот на 1942 Тито беше на челото на ослободената територија, која беше поголема од Белгија или Швајцарија...
Германци напаѓаат. Германец пука во легната положба.	... а на неа налетуваа униформи со најразлични кројки од германски до бугарски.
Германци пукаат.	
Бугарски војник пука. Уште еден непријателски војник пука.	
Тито, крупно, само очите, а тогаш со зум се појавува целото негово лице. Носење на ранетите. Тито, крупно, насмевнат. Колона партизани.	Тоа е лик на командант, чиј поглед е исполнет со грижа-еднаква за борците исфрлени од стројот, за ранетите, како и за активните војници.
Колона партизанска војска која пее "Хеј, бригади". Истата колона во покрет, покрупно. Тито на говорницата на АВНОЈ.	На 29 ноември 1943 во Јајце е одржано II-то заседание на Антифашистичкото веќе на народното ослободување на Југославија, на кое е формирана привремената влада, донесена е одлука за забрана на враќањето на кралот во земјата, а на Јосип Броз Тито му е доделен чин маршал на Југославија.
Тотал на делегатите во салата.	
Д-р Рибар на масата на работното претседателство и зум на грбот на нова Југославија	
Тито на балконот на пештерата во Дрвар во друш-	По шест неуспешни офанзиви од поголеми размери, Хитлер презема очај-

СЛИКА	ТЕКСТ
тво на сојузничките воени претставници.	нички чекор за да го фати Тито и да го уништи Врховниот штаб. Беше тоа седмата и последна поголема офанзива, која започна со операцијата "Коњички скок", те. со десантот на Дрвар, каде што тогаш беше Тито.
Крупен план на Тито на балконот на пештерата.	
Група младинци-партизани под балконот.	
Повторно крупен план на Тито.	
Бомбардери над Дрвар.	
Скокање на падобранци над Дрвар.	
Падобранците се спуштаат.	Наместо живиот Тито, Хитлер успеа да ја зароби само неговата маршалска униформа и беснееше: "Да го фатев, ќе го стрелав - но и ќе го закопав со сите воени почести!".
Титовата маршалска униформа.	
Тито се поздравува со раководителите на Вис.	
Тито на Вис.	
Улица во Белград за време на борбите.	На 20 октомври 1944, со заедничка операција на народноослободителната војска на Југославија и Црвената армија, ослободен е Белград. Тито тогаш рече: "И во најтешките денови на војната, во најстрашните офанзиви, секогаш во себе мислев - во Белград го започнавме востанието, во Белград победнички и ќе го завршиме!".
Партизани во јуриш на Белград.	
Противтенковски топ во дејство.	
Уште еден противтенковски топ.	
Руски тенк во настапување со партизаните во јуриш.	
Партизан го истакнува југословенското знаме.	
Голем "хакенкрајц" паѓа низ фасадата на палатата "Албанија".	
Парада на народноослободителната војска на Југославија по улиците на Белград.	

СЛИКА	ТЕКСТ
Белграѓаните ги поздравуваат ослободителите.	
Тито излегува од авион и се поздравува со воените раководители.	
Тито крупно во тоа поздравување. Тито ги обиколува трупите построени на парадата во Бањица.	
Уште еден кадар на обиколување на трупите во Бањица.	
Тотал на плоштадот на Републиката во Белград со масите на митингот.	Напатениот Белград доживуваше и празници на своите улици. На истата дата како во 1941 на 27 март 1945 додека војната се уште траеше, одржан е митинг на кој говореше другарот Тито.
Балконот на Народниот театар од кој говори Тито.	(Тито, синхроно: "... на тој историски ден, тука, на улиците на Белград, народот на Србија и народите од другите делови на Југославија, Хрватска, Словенија и другите, даде отпор и рече: "Не!". "Подобро војна отколку пакт". На 27 март беше извршен тој пресврт зашто тоа народот одоздола го сакаше. Не е тоа работа на единка, работа на мала група, тоа е работа на целиот народ!").
Тотал на народот на митингот. Тито крупно на балконот, зборува.. Народ на митингот. Во предниот план Тито на балконот, а во фон огромна толпа на Плоштадот на Републиката.	
Тотал на масовка и на Народниот театар. Тито повторно на говорница. Тито крупно на говорница, а потоа швенк на масите.	
Швенк над Белград со масите по улиците.	И уште еден празник - првомајската прослава во 1945. Во воената парада

СЛИКА	ТЕКСТ
Маси народ по улиците на Белград. Народ на парадата во 1945. Шпалир од народ аплаудира. Тенк на парадата, крупно. Тито на трибината салутира. Современа воена парада со војници во строј. Колони тенкови на парадата.	на народот му беше прикажано оружјето што ја донесе победата, а кое по неколку години ќе прерасне во моќно наоружување на Титовата концепција за општонародната одбрана и сенародната војна, ако затреба.
Тито ја симнува шапката и ја брише потта. Младината ги подигнува железните шини и ги полага на колосекот.	Крвта пролеана во војната, сега ја заменува потта. Требаше да се издига земјата од пепел. И, како што голорака тргна во борба во 1941 веднаш по ослободувањето на Југославија со голи раце ги положуваше шините на својот пат во животот.
Монтажа на далекуводи. Ентериер на леарница. Во преден план локомотива, а по неа композицијата на возот. Тито во купето на возот.	
Тито и Черчил се ракуваат. Тито и Черчил крупно. Тито обиколен со советски раководители. Тито и Сталин во Кремљ. Дочекот на Тито во Чехословачка. Овации на Тито во Прага. Масовен пречек на улиците. Овации на колоната автомобили во Прага. Тито се бацува со Димитров.	Тоа се почетоците на богатата Титова дипломатска активност, толку карактеристична за него како државник. При патувањата во Советскиот Сојуз, Чехословачка, Полска, Бугарија и Романија, на Тито му се приредуваат такви пречеци, какви што малку кој државник пред него доживувал.

СЛИКА	ТЕКСТ
Тито говори на митингот во Романија.	И додека југословенските луѓе, врз кои војната остави видливи траги, им одаваа почест на паднатите борци, кои со своите гради задржаа 22 германски 9 бугарски и 20 домашни сателитски дивизии, толку потребни на Хитлер за Источниот фронт, Сталин во своите писма и со резолуцијата на Информбирото на груб начин ја негираше четиригодишната борба на народот на Југославија и нејзините милион и седумстотини илјади жртви. Жданов дури го нарече Тито "империјалистички шпион".
Народни овации на Тито во Романија. Масовна комеморација на паднатите жртви под споменикот во Јасеновац.	
Построена почесна чета.	
Тито положува венец на споменикот. Ликовите на почесната чета крупно.	
Партизанка со орден во став мирно.	
Тито го пали вечниот пламен под споменикот.	
Детаљ од споменикот. Вечниот пламен. "Цветот" на споменикот во Јасеновац и швенк над народот под него. Сталин крупно на говорница.	
Огромен лик на Тито на платно на фасадата на палатата "Албанија" во Белград.	
Народни манифестации по улиците на Белград.	Народот спонатано реагираше и уште поцврсто се собра околу Тито со зборовите: "Колку повеќе клевети и лаги, Тито ни е помил и подраг".
Масовка со големи транспаренти. Маси од народ како поминуваат покрај трибината. Тито од трибината мавта. Масовна поворка пред трибината.	
Ликот на Сталин со истурениот мал прст.	Сталин рече: "Ќе биде доволно да мрднам со малиот прст и Тито ќе го нема

СЛИКА	ТЕКСТ
Граничен камен со натписот ФНРЈ. Југословенските граничари на граница. Погранична караула.	веќе!". Но Тито околу себе го имаше целиот народ и армијата. Нејзините припадници-граничарите-беа првите жртви на Сталиновата ескалација на притисокот на Југославија.
Мртов граничар. Уште еден мртов граничар. " The sun": " Russians split with Tito" "New York World - Telegram": "Russia kicks Tito out of Party" "Daily Mirror": "Moscow bloc disowns Tito"	Печатот на Запад во прво време беше налолно збунет, судејќи по овие наслови.
Советски тенкови на парадата на Црвениот плоштад.	
Советско тешко наоружување на парада. Сталин пред Лениновиот мавзолеј.	Херојската Црвена армија, која го поднесе најголемиот товар на Втората светска војна, следејќи го Сталиновиот мал прст, за малку ќе беше турната против социјалистичка Југославија, која - единствена во окупираната Европа - ѝ пружи ефикасна помош.
Советски тенкови во движење на една пољана. Уште еден кадар на тие тенкови.	
Картата на Југославија опкружена со источноевропските социјалистички земји...	Говорејќи за тие денови, Тито подоцна рече дека тоа била прва интервенција каква што искусила и Октомвриската револуција, само што ним тогаш им било полесно зашто зад себе го имале целиот светски пролетаријат, а против нашата револуција Сталин успеа да го крене не само Советскиот Сојуз туку и целото работничко движење во светот.
Истата карта на која околу Југославија (со анимација) се прави ѕид. Ликот на Тито, крупно, во партизанска униформа, и тогаш швенк на неговата ранета рака во петтата офанзива. Ликот на Тито од фото-	

СЛИКА	ТЕКСТ
графија од НОБ.	
Уште еден крупен план на Тито од друга фотографија.	
Тито на говорница во Народното собрание.	(Тито, синхроно: "Но ние имаме живи сведоци дека тие лажат, дека клеветат, а тоа сте вие, зашто земја која има десетици и стотици илјади инвалиди покажува дека и тоа како се борела, дека се борела на живот и смрт, дека народите на таа земја се бореле на живот и смрт, а вие сте живи сведоци. Ако мислат дека ги снемало мртвите сведоци, чии гробови сé уште се свежи, нека не мислат дека ќе замолкнат живите сведоци, кои сé уште тука постојат и кои ним секогаш ќе им речат: не дозволуваме да се гиба во нашата земја, во нашите придобивки, за кои страдавме и за кои пак ќе се бориме, ако биде потребно!".)
Карта на Европа, претопување на картата на Југославија.	Поради постоењето на независна социјалистичка Југославија требаше да се заплашат другите социјалистички земји и наместо нивниот самостоен пат во социјализам, да им се дадат можности за самостојни "чистки".
Бесењето на Рајко, крупно. Бесењето на Рајко во општ план. Чехословачкиот обвинител на процесот на Слански и другарите.	Како наводен "титоист", осуден е и обесен Ласло Рајк... ...и Рудолф Слански, а смислата на тоа бесмислено бесење ја открива обвинителот. (Чехословачкиот обвинител синхроно: "Ќе дојде ред на секој од нив... секој ќе го стигне заслужената казна, Чехословачка нема да биде втора Југославија. Барам смртна казна за сите обвинети".)
Слански и другарите на обвинителна клупа.	
Чехословачкиот обвинител. Слански и обвинителот стануваат да ја сослушаат пресудата.	
Топовска салва и бегање на гулабите на Црвениот плоштад.	

СЛИКА	ТЕКСТ
Сталин на одарот. Молотов на почесна стража. Берија. 1 Повеќе советски раководители на одарот. Хрушчов. Сталин на одарот.	"Њет, њет, физиолошките закони дејствуваат, "говореше Сталин кога Молотов, Жданов и Берија му претскажуваа долг живот. Умре на 5 март 1953 во 74-тата година од животот.
Говорник на трибина на Вацлавски намести во Прага.	Во Прага се колнеа на верност кон неговото свето дело (Говорник во Прага, синхроно: "Да се заколнеме на големиот Сталин дека ќе го продолжиме неговото свето дело; во тоа се колнеме, колнеме, колнеме!").
Тотал на масовка на Вацлавски намести. Крупен план на учесниците во масовката. Тотал на улица во Софија, полна со народ што клечи пред Сталиновата слика. Крупен план на луѓе што клечат. Бугарски војник клечи.	(Масата ги повторува зборовите на заклетвата, синхроно: "Се колнеме, се колнеме, се колнеме!".) Во Бугарија целиот народ клечеше пред еден човек.
Уште еден тотал на улица во која народот клечи.	
Крупен план на Тито и претопување на неговиот профил, па претопување повторно на Титовиот лик ан фас.	Во Југославија еден човек постојано мислеше како да го дигне на нозе и што повеќе да го издигне својот народ во неговото човечко достоинство.
Работник на работа и ненадеен налет на натписи одзади:	ФАБРИКИТЕ НА РАБОТНИЦИТЕ!
Натписот останува, а се менува ликот на работникот.	
Натписот останува и понатаму преку фабричките одаци.	

СЛИКА	ТЕКСТ
На екранот нов натпис:	27 ЈУНИ 1950.
Стрелани комунари на Парискатa комуна. Крупни планови на мртвите комунари.	Во 1950., по иницијатива на Тито, донесен е Законот за работничкото самоуправување. Оваа идеја - рече Тито - генијално ја развиле Маркс и Енгелс, анализирајќи ги искуствата од првата пролетерска револуција, Парискатa комуна.
Маркс. Ленин.	Тоа е смислата на Марксовото и Лениновото сфаќање на диктатурата на пролетаријатот како владеење на самата работничка класа, а не на власта во нејзино име.
Тито во голема фабричка сала, преполна со работници. Уште еден кадар на Тито на говорница во фабрика. Тотал на фабрички круг. Работници во меѓусебни разговори во фабрика.	(Тито, синхроно: "Тој наш закон за давање на фабриките на управување на работните колективи, претпријатијата итн. е логична последица на развитокот на социјалистичката изградба на Југославија, тоа е доследно продолжување на низата мерки што нашата народна власт ги спроведува на својот непоколеблив пат во социјализам. Можеби некој мисли дека овој наш закон е прерано донесе. Кој така мисли тој се лаже, а таквото гледање на тоа прашање би значело дека не се верува во нашите трудбеници, би значело дека не се гледа какви огромни творечки сили токму тоа управување ќе развие кај нашите трудбеници.").
Масовна сцена на работници во фабричка сала за време на конференција.	
Работник, крупно, говори.	
Масовно учество на работници во фабрика, при гласање со рака.	
Експлозија на голема маса на површински коп.	
Споменикот на Стеван Филиповиќ, над Ваљево.	
Натпис на екранот:	ПРАВОТО НА ГРАЃАНИТЕ НА САМОУПРАВУВАЊЕ Е НЕПРИКОСНОВЕНО.
Хрушчов излегува од авион на белградскиот аеродром.	Никита Сергеевич Хрушчов, по Сталиновата смрт претседател на владата и генерален секретар на Партијата на

СЛИКА	ТЕКСТ
Тито на дочекот, швенк на Хрушчов кој говори на аеродромот. Уште еден план на Хрушчов за време на говорот.	Советскиот сојуз, одигра голема улога во процесот на десталинизација и имаше несомнени заслуги за зачувување на мирот во светот. Тој, реши на чело на советската делегација да дојде во Белград во 1955 и да ги реши спорните прашањасо социјалистичка Југославија. Во Белград беше потпишана Белградската декларација за меѓудржавни, а една година подоцна и Московската за меѓупартиски односи.
Тито крупно. Потпишување на Белградската декларација. Тито крупно, потпишува.	
Булгањин крупно, потпишува. Општ план на потпишувањето. Новинарите за време на потпишувањето. Тито и Булгањин се ракуваат. Репортери-новинари.	
Тито и Хрушчов се ракуваат.	
Москва - Кремљ, тотал.	
Доаѓањето на Хрушчов и другите советски раководители на седницата на 20 конгрес на КПСС.	Во својот реферат на затворената заседание на 20 конгрес на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз, Хрушчов до детали ги раскринка методите на владеењето во услови на култот на личноста на Сталин
Делегатите седнуваат.	
Хрушчов го чита рефератот. Тотал на салата со делегатите.	
Хрушчов говори.	
Од фасадата на некоја зграда се кине платното со џиновскиот лик на Сталин.	
Хрушчов зборува.	
Маса луѓе на комеморацијата на Ласло Рајк.	Почна посмртната рехабилитација на недолжните жртви на Стали-

СЛИКА	ТЕКСТ
Во крупно лицата на учесниците на комеморацијата	новите "чистки".
Одар со посмртните останки на Ласло Рајк.	Порано обесен како криминалец, Ласло Рајк повторно беше погребан со сите воени почести.
Учесниците во поворката плачат.	
Тотал на комеморацијата.	(Говорник на комеморацијата, ОФФ: "Неправдата што ги погоди го потресе целиот работен народ на нашата земја".)
Учесниците на комеморацијата, крупно.	
Говорник на комеморацијата, на говорница.	(Говорникот, синхроно: "Партијата одлучно ќе се пресмета со грешките на минатото за да не се повтори никогаш повеќе ваква трагедија".)
Тито во разговор со раководителите на една наша фабрика.	
Тотал на средбата на Тито со раководителите и работниците на фабриката. Крупен план на Тито.	Антејската сила Тито секогаш ја црпеше од непосредниот допир со народот.
Работници во сала за време на состанок. Крупен план на работниците.	(Глас на работниците, офф: "Ја нема таа сила која ќе го врати нашето самоуправување назад, но мораат да се казнат сите оние кои очигледно го онемозможуваат.")
Тито во својот кабинет на масата. Уште еден план на Тито во кабинетот.	Мислител и творец. Тито критиката и самокритиката ги сметаше како важен метод за непрекинато револуционерно преобразување на општеството.
Тотал на градска улица со голем сообраќај и многу автомобили.	(Тито, офф: "Денес во сите области на општественото дејствување и творештво владее слободна атмосфера.")
Тито на говорница:	(Тито, синхроно: "Тоа, меѓутоа, го искористуваат силите што се против социјализмот воопшто и оние што се против самоуправувањето. Додека едните се заложуваат за враќање на стариот, повеќепартиски систем, другите би са-
Работници на скелиња при монтажа на нова сала.	

СЛИКА	ТЕКСТ
	кале административен социјализам, а притоа и едните и другите се користат со исти средства, посебно се служат со разгорување на национализмот и шовинизмот. И треба да се има на ум дека таквата дејност е во пораст.")
Тито крупно, на говорница.	
Народни маси на митинг во Сплит. Тито крупно на говорницата на митингот во Сплит.	(Тито, синхроно: "Секоја наша република би била никој и ништо да не сме сите заедно! И ние мораме да ја создаваме својата историја, својата југословенска историја, единствена за во иднина.")
Тито крупно на говорница.	
Картата на Југославија па со зум картата на Европа на која графички се прикажани границите на НАТО пактот и Варшавскиот договор.	Како што во војната секогаш умееше да изврши пробив низ обрачот, Тито и во мир - стеснета меѓу двата гигантски блока на современиот свет - Југославија ја поведе по патот на миролубивата коегзистенција и политиката на неврзување.
Тотал на американски бродови и авиони. Тешки бомбардери крупно. Ракетно оружје на парада. Ракетите крупно.	Како и секој воин, непосреден борец на фронтот, Тито беше огорчен противник на трката за вооружување и упорен поборник за разоружување и ставање на воените буџети во служба на сиромашните и гладните.
Гладни, измачени деца во некоја азиска земја.	
Експлозија на атомската бомба на Пацификот.	
Гладни црнечки деца. Уште една експлозија на атомска бомба.	
Тотал на учесници на митинг со Тито на говорница.	(Тито, синхроно: "Кога човештвото во скоро време би го доживеало тоа да дојде до спогодба меѓу големите сили, атомската енергија како воено средство да се стави надвор од законот и да се користи само во мирно временски цели, тоа би бил најголем празник по улиците на целиот свет.")

СЛИКА	ТЕКСТ
Тотал на Њујорк. Зградата на ОН.	И од трибината на Обединетите нации еден познат глас говори за клучните прашања на современиот свет. (Тито, синхроно: "Ликвидацијата на преживеаните економски, социјални и национални односи, кои ја сочинуваат суштината на колонијализмот во разните негови варијанти, им овозможува на многу нови држави во меѓународната заедница да се појават како конструктивни членови и активни фактори. Затоа тие процеси не само што не смеат да бидат кочени, туку ним треба конструктивно да им се приоѓа и да се охрабрува појавата на тие нови независни народи, зашто такво ликвидирање на разните облици на колонијални односи во современиот свет претставува составен дел на напорите на целото човештво да се оствари општ мир и прогрес во светот.")
Тито на говорницата на Организацијата на обединетите нации.	
Гроздови од бомби паѓаат од авиони во Виетнам.	Но, и по три децении од завршувањето на Втората светска војна човештвото постојано е изложено на претворање на студената војна во ладна, се до операцијата "запалените земји" и самозапалувања.
Дожд од бомби од супербомбардерите.	
Крупно: лица на вистински жени и деца исполнети со ужас.	
Дејствие на напалм бомби.	
Ранета и испечена виетнамска жена.	
Самозапалување на будистички свештеник. Расплакани лица на виетнамски жени.	
Уште еден крупен план на виетнамски жени.	Тито беше прв шеф на држава кој, како Европеец, искрено ги поддржа стремежите на некогашниот колонијален свет.
Тотал од заседанието на Првата конференција	Првата конференција на неврзаните во Белград во 1961 ја изрази целосната

СЛИКА	ТЕКСТ
на неврзаните во Белград.	солидарност со идеите што ги почнаа творците на политиката на неврзувањето: Тито, Насер и Нехру.
Тито на говорница на Белградската конференција. Насер на говорница. Нехру на говорница. Тотал на салата во која се одржува Конференцијата, од горен ракурс. Насер го потпишува завршниот документ на Конференцијата, потоа швенк на Тито кој исто така, потпишува, а потоа швенк и на Нехру.	
Екстериер на зградата во Коломбо.	
Тито на говорница во Коломбо.	И на Петтата конференција во Коломбо, неврзаните им ја прикажаа на потчинетите визијата на светот без војна, чувството на универзално братство и перспективата на политичката и економска рамноправност.
Сиримаво Бандаранаике, крупно.	
Тито на говорница во Коломбо.	
Тито и Насер ги поздравуваат маси луѓе во Египет.	
Маси Египќани поздравуваат. Крупно лице на учесник во таа манифестација.	
Тито се ракува со Египќаните.	
Уште едно крупно лице во манифестацијата.	
Тотал на масите Египќани кои аплаудираат.	
Тито и Насер сликани од грб, на прозорците на ва-	

СЛИКА	ТЕКСТ
гонот, во заднината маси кои поздравуваат	
Тотал на салата во која заседава IX-от конгрес на СКЈ	Југославија се најде во кругот на бројната фамилија на неврзаните земји, така што на IX-от конгрес на Сојузот на комунистите Тито можеше да каже:
Тито на говорница на IX-от конгрес. Делегат на КП Италија. Лик на гостин на Конгресот.	(Тито, синхроно: "Југославија не може да ја изолира никој, иако понекогаш постојат такви тенденции. Партијата одолеа и на таквата виулица каква што беше 1948 година, а и подоцна. Тогаш ние бевме сами, изолирани и од Исток и од Запад, и од меѓународното работничко движење. Денес и сами се прашуваме како сето тоа можевме да го издржиме, но издржавме зашто имавме челична волја и одлучност, го имавме народот зад нас, кој -.како и комунистите - знаеше дека сме во право)".
Тито крупно на говорницата.	
Тотал на салата на Конгресот од горен ракурс.	
Тито на говорница	(Тито, синхроно: "Во името на интернационализмот се оправдуваше обврзноста на некоја општа генерална линија, која според досегашните искуства претставува или диктат или непринципиелни компромиси помеѓу доста различни партии на сметка на другите партии и движења, што објективно ги спречуваше некои партии и движења во барањето сопствени облици на борба и решенија во остварувањето на револуционерните цели.
Тотал на салата со зум на ликовите на Маркс, Енгелс, Ленин	
Тотал на Берлин.	Берлинската конференција на комунистичките партии на Европа, во своите ставови и документи ја потврди Титовата концепција за различните патишта во социјализам и за самостојноста на партијата. Во Хелсинки Тито дојде спремен на Конференцијата за европска безбедност и соработка,
Ентериер на салата со учесниците на Берлинската конференција. Тито говори на Конференцијата во Берлин.	
Панорама на Хелсинки.	

СЛИКА	ТЕКСТ
Југословенско знаме во Хелсинки.	зошто социјалистичка Југославија веќе го спроведуваше во дело словото и духот на заклучниот документ на тој собир.
Тито окружен со југословенската делегација на Конференцијата во Хелсинки.	
Тотал на салата на конференцијата во Хелсинки.	
Тито на говорницата во Хелсинки.	
Југословенски царинарник ја подигнува рампата.	Границите на Југославија станаа мостови меѓу соседните држави, а пример на нивната отвореност станаа граничните премини помеѓу Југославија и Италија.
Непрегледна маса автомобили на југословенско-италијанската граница.	Титовите концепции ја црпеа својата сила во одлучните непризнавања ни на буржоаскиот суд, ни на Хитлеровата окупација, ниту пак на Сталиновата диктатура.
Монументалниот споменик на Стеван Филиповиќ со кренати раце над Валево.	
Титовите портрети: - од робија - од полиција - од предвоениот пасош - од времето на НОБ - во маршалска униформа - исто, во крупен план - исто уште покрупно, само очите.	Во сите етапи на развитокот на социјалистичка самоуправна федеративна Југославија, Тито знаеше да ја најде јавката за суштината на секој нов чекор напред: Братство - единство! Смрт на фашизмот-слобода на народот! Туѓото не го сакаме - своето не го даваме! Вистината мора да победи! Работничко и општествено самоуправување! Општонародна одбрана - сенародна одбранбена војна!
Тито, крупно, во колор, понова снимка.	
На екранот натпис: Страотна експлозија на површински коп. Уште една таква експлозија.	УСТАВОТ НА СФРЈ Новиот Устав и Законот за здружениот труд ќе разврзат таква енергија и полет во југословенскиот работен човек, што секому ќе му се пружи

СЛИКА	ТЕКСТ
	можност да му биде сличен на Тито.
Тито, крупно, на говорница, на X-от конгрес на СКЈ.	(Тито синхроно: "Со усвојувањето на новиот Устав, во кој основната смисла е обезбедување одлучувачка улога на работничката класа и општествената работа во сите општествени работи, ние влегуваме во нова фаза на нашата борба за социјализам, Суштината и основната цел на таа борба е власта да се претвори во власт на самата класа и на сите работни луѓе. Работниците во здружениот труд непосредно да одлучуваат за средствата, условите и плодовите на својата работа во општествениот живот воопшто. За да можеме овие историски задачи што поуспешно да ги остваримe, нашиот Сојуз на комунистите мора да биде партија на револуционерни акции, авангарда каква што на работничката класа, работните луѓе и народите и на народностите на нашата земја им е потребна и денес и утре.")
Тотал на салата со делегатите,	
Крупно, лик на делегат.	
Тотал на салата од горен рекурс.	
Тито, крупно, на говорница.	
Во преден план раката на Божидар Јакац, кој го црта портретот на Тито. Титовиот портрет-изработка на Божидар Јакац.	Обновувајќи ги своите сеќавања, Тито еднаш рече за себе: "Мојот живот не беше лесен, но го живеев радосно, така што - земено во целост - ни сега друг не би избрал".

ФИЛМОТ Е РЕАЛИЗИРАН ВО ЧЕСТ НА ОСУМДЕСЕТ И ПЕТГОДИШНИНАТА НА РАЃАЊЕТО НА ДРУГАРОТ ТИТО И ЧЕТИРИЕСЕТГОДИШНИНАТА ОД НЕГОВОТО ДОАЃАЊЕ НА ЧЕЛОТО НА КОМУНИСТИЧКАТА ПАРТИЈА НА ЈУГОСЛАВИЈА

ФИЛМОГРАФИЈА

МАКЕДОНСКИ ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ ЗА ТИТО

Објаснување на кратенките:

с - сценарио,

р - режија,

ф - фотографија,

м - музика,

мт - монтажа

- ТИТО МЕЃУ НАС, Вардар филм, 1953

с: Трајче Попов - р: Трајче Попов и Киро Билбиловски - ф: Трајче Попов, Киро Билбиловски, Никола Христовски - м: архивска мт: Драги Панков - 406 м, 35 мм, ц/б, стандард-жанр: документарен, репортажа.

Престој на претседателот Тито во Скопје на Денот на востанието на македонскиот народ 11 Октомври 1953.

- СО ТИТО НИЗ МАКЕДОНИЈА (I), Вардар филм, 1957

с: Јован Поповски - р: Аџо Петровски - ф: Бранко Михајловски и Мишо Самоиловски - м: архивска - мт: Драги Панков - 220 м, 35мм, ц/б, стандард - жанр: документарен, репортажа.
Средби на претседателот Тито со раководителите и народот на Македонија, Обиколка на македонските градови и села.

- СО ТИТО НИЗ МАКЕДОНИЈА (II), Вардар филм, 1957

с: Јован Поповски - р: Гојко Секуловски, Аџо Петровски ф: Мишо Самоиловски, Никола Христовски, Бранко Михајловски - м: архивска - мт: Драги Панков - 340м, 35 мм, ц/б, стандард-жанр: документарен, репортажа.

Патување на претседателот Тито низ Македонија. Посета на поголемите места, стопански центри и културни институции.

- СО ТИТО НИЗ МАКЕДОНИЈА (III), Вардар филм, 1957

с: Јован Поповски - р: Гојко Секуловски, Ацо Петровски - ф: Бранко Михајловски, Мишо Самоиловски, Никола Христовски - м: архивска - мт: Драги Панков - 420 м, 35 мм, ц/б, стандард - жанр: документарен, репортажа.

Посета на претседателот Тито на Скопје, Маврово, Охрид, Битола, Обиколка на фабрики, земјоделски и индустриски комбинати, културни институции.

- ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО СЕ ВРАТИ ВО ЗЕМЈАТА, Вардар филм, 1959

с: Томе Момировски - р: Кочо Недков - ф: Киро Билбиловски, Бранко Михајловски, Љубе Петковски - м: архивска - мт: Вељо Личеноски - 206 м, 35 мм, ц/б, стандард - жанр: документарен, репортажа.

Враќање на претседателот Тито во земјата. Дочек во Гевгелија, Неготино, Скопје. Голем митинг во Скопје.

- ТИТО МЕЃУ МЛАДИТЕ, Вардар филм, 1962

идеја: Трајче Попов, Бранко Гапо - р: Трајче Попов, Бранко Гапо - ф: Љубе Петковски, Мишо Самоиловски - м: архивска - мт: Драги Панков - 400 м, 35 мм, ц/б, стандард - жанр: документарен, репортажа. Свеченост по повод пуштањето во сообраќај на делница од Автопатот "Братство-единство" на 13 Ноември 1961. Средба на претседателот Тито со бригадирите.

- ТИТО МЕЃУ НАС, Вардар филм, 1962

идеја: Трајче Попов, р: Трајче Попов - ф: архивски материјали - м: архивска - мт: Драги Панков - 380 м, 35 мм, ц/б, стандард - жанр: докумен тарен, пропаганден. Филмот е работен по повод 70-тиот роденден на претседателот Тито и претставува сеќавање на говорите и манифестациите одржани за време на неговите посети на

на Скопје од 1945 до 1962 година.

- ТИТО ВО ОХРИД, Вардар филм, 1967

с: Кочо Недков - р: Кочо Недков - ф: Киро Билбиловски, Мишо Самоиловски - м: архивска - мт: Скендер Кули - 310 м, 35 мм, колор, стандард - жанр: документарен, репортажа.

Посетата на претседателот Тито на Охрид, срдечни средби со охриѓаните и разгледување на културно-историските споменици и ископини.

- ТИТО ВО ЖЕЛЕЗАРНИЦАТА, Вардар филм, 1967

с: Кочо Недков - текст: Томе Момировски - р: Кочо Недков - ф: Киро Билбиловски, Мишо Самоиловски - м: архивска - мт: Лаки Чемчев - 300 м, 35 мм, ц/б, стандард - жанр: документарен, информативен.

Изградбата на Скопската железарница и нејзиното пуштање во погон за време на посетата на претседателот Тито.

- ПРЕТСЕДАТЕЛОТ ТИТО ВО ПЕЛАГОНИЈА, Вардар филм, 1969

с: Кочо Недков - р: Кочо Недков - ф: Киро Билбиловски, Мишо Самоиловски - м: архивска - мт: Лаки Чемчев - 238 м, 35 мм, ц/б, стандард - жанр: документарен, репортажа.
Сите позначајни моменти од посетата на претседателот Тито на Земјоделско-индустрискиот комбинат "Пелагонија".

- ТИТО ВО МАКЕДОНИЈА, Филмска работна заедница, 1969

с: Гане Тодоровски - р: Бранко Гапо - ф: Мишо Самоиловски м: архивска - мт: Скендер Кули - 450, 35 мм, ц/б, стандард.

- ТИТО ВО МАКЕДОНИЈА, Вардар филм, 1970

с: Мето Петровски - р: Мето Петровски - ф: Мишо Самоиловски - м: архивска - мт: Лаки Чемчев - 320 м, 35 мм, ц/б, стандард - жанр

документарен, репортажа.
Репортажа за посетата на претседателот Тито на Македонија и сите поважни настани за време на таа посета.

- ГРАД НА ЧОВЕКОВОТО ПРЕПОЗНАВАЊЕ, Вардар филм, 1973

с: Томе Момировски - р: Трајче Попов - ф: Киро Билбиловски мт: Драги Панков - тон: Јордан Јаневски - 1230 м, 35 мм, колор, стандард - жанр: документарен.

Развојот на Скопје прикажан преку сите посети на претседателот Тито.

- ВО СВОЈОТ ГРАД, Вардар филм, 1976

с: Трајче Попов, - р: Трајче Попов - ф: Мишо Самоиловски - тон: Јордан Јаневски - мт: Драги Панков - 400 м. 35 мм, колор -стандард - жанр: документарен.

Филм за неколкуте посети на претседателот Тито на Титов Велес, град на истакнати македонски револуционери. Денес е значаен културен и стопански центар на СРМ.

ЗАБЕЛЕШКА: Во македонската филмска продукција постојат поголем број филмови во кои местото и улогата на другарот Тито е од особено значење, какви што се, на пример, филмовите за катастрофалниот земјотрес од 1963 година и обновата на Скопје и други, но тие и слични на нив филмови не најдоа место во оваа филмографија, бидејќи нашата определба беше да направиме преглед само на филмовите работени за Тито.

За изработката на овој преглед се користени извори од филмографијата на југословенскиот филм (т. 1 и т. 2) и податоци од Вардар филм.

Бројот го уредија:

Илинденка ПЕТРУШЕВА
Дубравка РУБЕН

соработуваат:

Павлина ГРГУРЕВИЌ
Благоја КУНОВСКИ
Мирослав ЧЕПИНЧИЌ

лектор:

Оливера ПАВЛОВСКА

графичко обликување:

Златко ПАНОВСКИ

издава:

КИНОТЕКА НА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

Кеј Димитар Влахов 66

п.ф. 161 - 91000 Скопје
тел. 22 -064 и 221-579

за издавачот:

Ацо ПЕТРОВСКИ

печатено во печатницата на
НУБ "КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ"

тираж: 300 примероци